# ЕДИНЕЧЕН
# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТЕЊЕТО НА
# **АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ**




АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

ЕДИНЕЧЕН
ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА РАБОТЕЊЕТО НА
**АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ**

# 2021

ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2021

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сѐ*

# СОДРЖИНА


**АЛКАЛОИД во 2021** ........ **6, 7**
**Организациска структура** ........ **8, 9**
**Корпоративно управување** ........ **10**
Собрание на акционери........ 11
Надзорен одбор ........ 12
Внатрешна ревизија ........ 16
Надворешна ревизија ........ 17
Управен одбор ........ 18
Управување со ризик и континуитет ........ 24
Корпоративна усогласеност ........ 28
Заштита на лични податоци ........ 31
Интелектуална сопственост ........ 34
Кодекс за корпоративно управување ........ 37
Корпоративен секретар ........ 37
**Акционерство** ........ **38**
**Интегриран менаџмент-систем** ........ **39**
Квалитет ........ 39
Безбедност и здравје при работа ........ 40
Животна средина ........ 46
**Бизнис-опкружување и иден развој** ........ **76**
Фармација ........ 76
Истражување и развој ........ 77
Хемија Козметика Билка ........ 79
Снабдување ........ 80
Инвестиции ........ 81
Транспорт ........ 85
Енергетски менаџмент ........ 86
**Човечки ресурси** ........ **93**
**Корпоративна општествена одговорност** ........ **110**
**Одржлив развој** ........ **118**
**Единечен финансиски извештај за работењето** ........ **120**
Клучни финансиски показатели ........ 120
Општи податоци ........ 121
Управување со финансиски ризици ........ 123
Инвестиции ........ 123
Дивиденда ........ 123
Финансирање кредити ........ 123
Големи зделки ........ 124
Односи со поврзаните субјекти ........ 124
Акционерски капитал ........ 127
Приходи ........ 128
Расходи ........ 132
Биланс на успех ........ 133
Биланс на состојба ........ 135

# АЛКАЛОИД во 2021

АЛКАЛОИД надмина 200 милиони ЕУР приходи од продажби и 20 милиони ЕУР нето-добивка

АЛКАЛОИД инвестираше 4 милиони евра во сопствено производство на влажните марамчиња „Бекутан“

АЛКАЛОИД иницираше отворање дуална паралелка во Средното медицинско училиште „д-р Панче Караѓозов“

АЛКАЛОИД формираше сопствен центар за едукација и за обуки

За првпат во сегментот фармација се реализираа продажби на производи во Германија, Австрија, Португалија и на Кипар

Завршена првата испорака на стоки и пласман на производи за нега на бебиња на пазарот на Кралството Саудиска Арабија

Проект „БЕНЕФИЦИИ ЗА ДЕЦА НА ВРАБОТЕНИ“ во АЛКАЛОИД АД Скопје

Нова ѕвезда на македонското ракометно небо. Формиран РК АЛКАЛОИД - за доброто на македонскиот ракомет!

Генералниот директор/ Претседателот на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, г. Живко Мукаетов, одликуван со Орден за заслуги од Претседателот на РСМ Стево Пендаровски


АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ
НАДЗОРЕН ОДБОР
СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
УПРАВЕН ОДБОР
Корпоративен секретар
Одбор за управување со проекти
ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР
Офицер за Корпоративна усогласеност
Офицер за заштита на лични податоци
Офицер за Управување со ризик и континуитет на работењето
КОРПОРАТИВНИ СЛУЖБИ
ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ
БИЗНИС ПЛАНИРАЊЕ, КОНТРОЛА И ИЗВЕСТУВАЊЕ
ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ
КОРПОРАТИВНА ПРАВНА СЛУЖБА
Архива
Правни работи за ЕУ, ФКР и ОК
Правни работи за МК, ЈИ Европа, Русија и ЗНД, Украина, ПЦ ХКБ, Алкалоид КОНС
Корпоративна интелектуална сопственост
Корпоративна нормативно-правна поддршка
КАДРОВСКИ РАБОТИ
ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
ТРЕНИНГ ЛАБОРАТОРИЈА
СЕРВИС
ОПШТИ РАБОТИ
Обезбедување и заштита
Безбедност и здравје при работа
Менза и Одморалиште во Стар Дојран
Одбрана, заштита и спасување, управување со кризи
Сервис за ПП опрема
ЛОГИСТИКА
СНАБДУВАЊЕ, ИНВЕСТИЦИИ, ТРАНСПОРТ
ПЛАНИРАЊЕ НА П РОИЗВОДСТВО
Снабдување
МАГАЦИНИ
Транспорт
Инвестиции
Енергетски Менаџмент
АКЦИОНЕРСТВО, ИМОТНИ ПРАШАЊА
ФИНАНСИИ
Сметководство
Управување со цени и реимбурсација
Даночни работи
Финансова оператива
Поддршка ФИ/КО алатки и обработка на податоци
МАРКЕТИНГ КОМУНИКАЦИИ
Комуникации
Дизајн
Бренд менаџмент
БТЛ
ФИРМИ ЌЕРКИ
Алкалоид КОНС дооел Скопје
Алкалоид д. о. о. Белград
АЛК и КОС Фармацеутикалс д. о. о. Приштина
Алкалоид ИНТ д. о. о. Љубљана
Алкалоид д. о. о. Загреб
Алкалоид - РУС д. о. о. Москва
Алкалоид ФАРМ АГ Фрибург
Билна аптека Алкалоид дооел Скопје
Алкалоид Веледрогерија д. о. о. Белград
Алкалоид д. о. о. Тирана
Алкалоид ФАРМ д. о. о. Љубљана
Алкалоид ЛГЛ д. о. о. Загреб
Алкалоид д. о. о. Киев
Алкалоид САД д. о. о. Охајо
Алкалоид д. о. о. Сараево
Алкалоид d.o.o. Podgorica
АЛКА-ЛАБ д. о. о. Љубљана
Алкалоид ЕОД Софија
Alkaloid UK Limited
Алкалоид Ilac Ticaret Limited Sirketi - Истанбул

# ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ



# Корпоративно управување

АЛКАЛОИД АД Скопје е глобална компанија, која во своето секојдневно работење цврсто и континуирано ги почитува и ги применува своите основни вредности, кои почиваат на највисоките етички норми и стандарди. Една од основните и клучни вредности и принципи на работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје е доброто корпоративно управување. Препознавајќи го значењето на секојдневната примена на постојните стандарди за добро корпоративно управување, а истовремено следејќи ги најновите трендови во оваа област, АЛКАЛОИД АД Скопје бележи континуиран раст, како на финансиски план така и на квалитетот на човечките ресурси со кои располага компанијата. Сите напори и секојдневното вредно работење на АЛКАЛОИД АД Скопје за примена на стандардите за добро корпоративно управување се признати и валоризирани, како од стручната така и од пошироката македонска јавност. „Македонската берза“ АД Скопје, традиционално, на крајот на календарската година доделува годишни награди во повеќе категории, сакајќи да им даде јавно признание на најпрепознатливите и најактивни учесници и други субјекти кои се директно или индиректно поврзани со македонскиот пазар на хартии од вредност. Како награда за работењето во 2021 година, АЛКАЛОИД АД Скопје освои две први награди, и тоа во категоријата „Најтранспарентно котирано акционерско друштво за 2021 година“ – по избор на пазарни учесници и по избор на новинари - како и во категоријата „Акција на годината за 2021 година“ – по избор на јавноста.

Како награда за работењето во 2021 година, АЛКАЛОИД АД Скопје освои две први награди, и тоа во категоријата „Најтранспарентно котирано акционерско друштво за 2021 година“ – по избор на пазарни учесници и по избор на новинари - како и во категоријата „Акција на годината за 2021 година“ – по избор на јавноста.

**АЛКАЛОИД АД Скопје е друштво организирано според двостепен систем на управување. Друштвото има Управен одбор и Надзорен одбор. Управниот одбор има најшироки овластувања во управувањето со компанијата, додека, пак, Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со друштвото што го врши Управниот одбор. Процесот на управување во АЛКАЛОИД е целосно во согласност со законите во Република Северна Македонија, како и со домашните и со меѓународните добри практики.**

# Собрание на акционери

Собранието на акционери е највисок орган на управување во АЛКАЛОИД АД Скопје. Во согласност со Законот за трговските друштва, на секој акционер запишан во акционерската книга од денот на уписот му припаѓа право на учество во работата на Собранието и право на глас. На собранието на акционери се носат суштинските одлуки за компанијата, во согласност со закон и тука акционерите ги остваруваат своите права во друштвото.

Управниот одбор свикува годишно собрание на акционери најдоцна три месеца по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеца од завршувањето на календарската година или 14 месеца од одржувањето на последното годишно собрание. Собранието се свикува со објавување јавен повик до акционерите, а материјалите за собранието се достапни за акционерите од денот на објавувањето на јавниот повик.

Во согласност со финансискиот календар на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2022 година, годишното собрание на акционери ќе се одржи во првата недела од април 2022. Јавниот повик, како и материјалите за годишното собрание на акционери ќе бидат објавени на системот СЕИ-НЕТ на „Македонската берза“ и на официјалната интернет-страница на АЛКАЛОИД АД Скопје во рубриката „За инвеститорите“.

# Надзорен одбор

Во согласност со важечките закони на Република Северна Македонија и со Статутот на друштвото, Надзорниот одбор врши надзор врз работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје од 1998 година, кога е и за првпат воспоставен.

Членовите на Надзорниот одбор се состануваат на годишно ниво, со цел да ги разгледаат предлог-одлуките изготвени од Управниот одбор во поглед на работењето на друштвото за тековната година и да произнесат свој став дали тие треба да се усвојат или да се одбијат од Собранието на акционери на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Состав на Надзорниот одбор:



**ПРОФ. Д-Р МИОДРАГ МИЦАЈКОВ**

**Претседател на Надзорниот одбор**

Доктор по право, професор и поранешен декан на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј'" во Скопје. Претседател на Одборот од 1998 година.



**ПРОФ. Д-Р ИЛИЈА ЏОНОВ**

**Член на Надзорниот одбор**

Доктор по медицински науки, професор и поранешен декан на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј'" во Скопје. Член на Одборот од 1998 година.



**БОЈАНЧО КРАЛЕВСКИ**

**Член на Надзорниот одбор**

Дипломиран инженер по хемија. Член на Одборот од 1998 година.

Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, Надзорниот одбор има овластување да врши надзор врз управувањето со друштвото што го врши Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, како и да врши увид и да ги проверува книгите и документите на друштвото.

Во текот на 2021 година, Надзорниот одбор во полн состав (претседател, проф. д-р Миодраг Мицајков, и членовите, проф. д-р Илија Џонов и Бојанчо Кралевски), и покрај отежнатите услови за работа поради пандемијата на КОВИД 19, ги одржуваше своите седници и одржа 8 (осум) седници и донесе 21 (дваесет и една) одлука.

На одржаните седници Надзорниот одбор ги разгледа и расправаше за сите значајни прашања во делот на своите овластувања, во согласност со Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје и со Законот за трговските друштва.

На одржаните седници особен акцент се стави врз разгледување на неревидираните и ревидираните единечни и консолидирани финансиски извештаи за претходната година, како и за неревидираните периодични финансиски извештаи, и тоа за периодот 1.1 – 31.3.2021 година, 1.1 – 30.6.2021 година, 1.1 – 30.9.2021 година, и тоа по сите структури: биланс на успех, биланс на состојба, известување за паричен тек и известување за промени во капиталот.

На седниците на кои на дневен ред беше разгледувањето на неревидираните единечни финансиски извештаи и на неревидираните консолидирани финансиски извештаи, на покана на претседателот на Надзорниот одбор присуствуваа претседателот на Управниот одбор и генерален директор на АЛКАЛОИД АД Скопје и раководните лица од соодветните стручни служби, со цел подетално да се образложат сите позиции од доставените неревидирани единечни финансиски извештаи и од неревидираните консолидирани финансиски извештаи, за да може Надзорниот одбор соодветно да одлучува.

Претседателот на Управниот одбор, во согласност со своите дефинирани надлежности, даваше дополнителни образложенија за материјалите доставени на седниците, а според принципот на добро корпоративно управување се водени отворени дискусии во однос на материјалите по точките од дневниот ред, како и за сите значајни прашања од делот на работењето на друштвото.

Од непосредно извршениот увид во доставените финансиски извештаи и од излагањата на претседателот на Управниот одбор и генерален директор на АЛКАЛОИД АД Скопје и од раководните лица од соодветните стручни служби, Надзорниот одбор донесе одлуки со кои се усвојуваат неревидираните единечни и неревидираните консолидирани финансиски извештаи на друштвото, како и неревидираниот единечен и неревидираниот консолидиран биланс на успех на друштвото.

Надзорниот одбор, исто така, изврши редовен увид врз управувањето со друштвото, што го врши Управниот одбор, и го разгледа годишниот извештај за работата на друштвото за претходната година (единечен и консолидиран), при што се констатира дека работењето на друштвото, како и водењето на работењето со него е успешно извршено, видно од остварените позитивни финансиски резултати на друштвото во текот на претходната година.

Надзорниот одбор позитивно ја оценува соработката која, во остварувањето на своите надлежности утврдени со Статутот на друштвото и со Законот за трговските друштва, ја имаше со претседателот и со членовите на Управниот одбор, со цел изградување заеднички ставови во насока на остварување на зацртаните планови за успешен развој на друштвото за 2021 година.

Надзорниот одбор изврши увид и во книгите и во документацијата со која располага друштвото, а кои се однесуваат на неговото финансиско работење, на состојбата со имотот, како и на хартиите од вредност, па при нивната проверка констатира дека и во тој дел работењето на друштвото е успешно и во рамките на законската регулатива.

Исто така, Надзорниот одбор го разгледа Бизнис-планот на друштвото за 2022 година, во кој се содржани: план на продажби, планиран биланс на успех според функција, план на трошоци според видови, план на работна рака, план на капитални издатоци, планиран биланс на состојба и планиран паричен тек.

Надзорниот одбор оцени дека се работи за бизнис-план кој е квалитетно изработен, базиран на реалните очекувања и јасно ги дефинира целите на сите нивоа на раководење во друштвото, со што се обезбедува интегрирање на сите напори во остварување на заедничките цели на друштвото.

Бизнис-планот за 2022 година е базиран на очекувањата, проекциите и на можностите на тековните и на новите пазари и производи, достапни на друштвото во моментот на изготвување на планот.

Надзорниот одбор донесе одлука со која се дава претходна согласност за предлогот на генералниот директор за назначување корпоративен секретар од Управниот одбор на друштвото.

Надзорниот одбор, во согласност со чл. 415-в од Законот за изменување и за дополнување на Законот за трговските друштва, го разгледа полугодишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото, како независна организациска единица на друштвото, во кој се презентирани активностите на Службата извршени во периодот јануари – јуни 2021 година.

Надзорниот одбор го усвои и даде оценка дека полугодишниот извештај за 2021 година е квалитетно и содржински изработен, во согласност со законските одредби од Законот за изменување и за дополнување на Законот за трговските друштва, во кој се опфатени описот на извршените ревизии на работењето на друштвото, оцената на соодветноста и на ефикасноста на системите за внатрешна ревизија, како и наодите и предложените мерки на Службата.

Во согласност со годишниот план за внатрешна ревизија за 2021 година од Службата за внатрешна ревизија, до Надзорниот одбор, исто така, се доставени и квартални извештаи за периодот јануари – март, април – јуни, јули – септември и октомври - декември 2021 година, во кои се наведени активностите што ги има извршено Службата за внатрешна ревизија во кварталните периоди. Идентификуваните наоди на Службата за внатрешна ревизија се во насока на натамошно подобрување на процесот на ефикасноста на работењето. Наодите се дискутирани со раководните лица во организациските делови, предмет на тестирање, и се во целост прифатени.

Надзорниот одбор, по разгледувањето на кварталните извештаи од Службата за внатрешна ревизија, донесе одлуки за нивно усвојување.

Во согласност со чл. 415-б од Законот за изменување и за дополнување на Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор го разгледа годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2022 година и донесе одлука со која се одобрува.

Во годишниот план за работа наведени се предметот на ревизијата со опис на содржината на планираната ревизија според одделни области, како и распоред на контролите во текот на 2022 година со планирано времетраење за спроведување на контролите.

Од Службата за внатрешна ревизија изготвен е стратешки план за внатрешна ревизија за периодот 2022 – 2024 година, во кој се наведени клучните фактори за успех – стратешки цели, предности, слабости, закани и можности, опис на системот за интерни контроли, активности на внатрешната ревизија, консултантски активности на Службата и ресурси за вршење внатрешна ревизија. Надзорниот одбор го разгледа стратешкиот план и го одобри.

Во согласност со чл. 415-в од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва Службата за внатрешна ревизија како независна организациска единица во друштвото поднесе годишен извештај за својата работа за претходната година. Во годишниот извештај презентирани се активностите на Службата за внатрешна ревизија, извршени во претходната година во согласност со усвоениот годишен план за работа на Службата за внатрешна ревизија.

Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија ги содржи следните информации:

- КОВИД 19/ревизија од далечина
- опис на извршени активности;
- наоди/препораки од извршени поединечни ревизии;
- консултантски активности;
- информации за Службата за внатрешна ревизија

Надзорниот одбор е на мислење дека годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија е квалитетен, сеопфатен и објективен и дава сеопфатен приказ и резиме на извршените ревизии, со што го одобри горенаведениот извештај и го приложи до Собранието на акционери.

# Внатрешна ревизија

Службата за внатрешна ревизија претставува независна организациска единица (служба), организирана од Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје. Вршењето внатрешна ревизија е во согласност со барањата на Законот за трговските друштва и со усвоената Повелба за внатрешна ревизија на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Внатрешната ревизија му помага на АЛКАЛОИД АД Скопје да ги оствари своите цели, преку користење систематски, дисциплиниран пристап за проценка и за подобрување на ефективноста на управувањето со ризиците, контролите и со процесите на раководење. Основна цел е зголемување и заштита на вредноста на АЛКАЛОИД АД Скопје, преку обезбедување објективни (базирани на ризици) и доверливи ревизорски, консултантски и аналитички услуги.

Службата за внатрешна ревизија цели да биде додадена вредност за АЛКАЛОИД АД Скопје и препознаена како еден од носителите на корпоративната културата и на компаниските вредности, односно ценет партнер и доверлив советник на заинтересираните страни (Надзорен одбор, Управен одбор, високиот менаџмент, акционерите). Во нејзини рамки ангажирани се стручни професионалци, соодветно обучени и сертифицирани за извршување ревизорски активности, кои редовно ги исполнуваат барањата за континурано професионално усовршување

Своите активности Внатрешната ревизија ги извршува во согласност со стратешкиот и со годишниот план, кои се изготвени врз основа на најзначајните ризици, а одобрени од Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во текот на 2021 година за сите извршени активности беа изготвени и доставени поединечни детални извештаи, квартални извештаи (доставени до генералниот директор и до Надзорниот одбор), како и годишен и полугодишен извештај на Службата за внатрешна ревизија, кои се предмет на одобрување од Управниот и од Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во согласност со планот за 2021 година, беа спроведени 18 ревизорски и консултантски ангажмани, и тоа во следните области: продажби, производство, управување со ризици, пари и парични средства, кредити, корпоративно управување, клучни индикатори за успех и др. Покрај овие области, ангажмани за внатрешна ревизија беа спроведени и во друштвата на АЛКАЛОИД АД Скопје во странство, преку директни посети или преку ревизија од далечина (*remote audit*), во согласност со состојбата со пандемијата на КОВИД 19 и со ограничувањата наметнати поради неа. За сите спроведени активности во посебни детални извештаи беа презентирани утврдените недостатоци и предложените подобрувања.

Раководителот на Службата за внатрешна ревизија има редовна комуникација со Надзорниот одбор и учествува на сите негови состаноци каде што се разгледуваат информациите поврзани со работата на Внатрешната ревизија.

# Надворешна ревизија

Собранието на акционери го избира независниот надворешен ревизор. Друштвото детално ги уредува сите прашања поврзани со надворешната ревизија, особено критериумите за утврдување и за одржување на независноста и на објективноста на надворешниот ревизор, постапката за избор и критериумите при изборот, планот за работа, фреквенцијата и начинот на известување од надворешниот ревизор, како и други прашања од интерес за ангажманот и за активностите на надворешниот ревизор.

Овластениот ревизор не може да извршува други услуги за друштвото кои може да претставуваат закана за неговата објективност и независност додека врши ревизија, како и најмалку во претходните две години.
Доколку други вработени во ревизорската куќа каде што работи овластениот ревизор извршуваат друга работа за друштвото и за друштвата поврзани со него, која не претставува ревизија, друштвото мора да направи да постојат системи за зачувување на независноста и на објективноста на ревизорот.

Друштвото е должно да има ревизорско мислење за финансиските извештаи најдоцна еден месец пред одржување на собранието на акционери. Овластениот ревизор го избира Собранието на акционери пред истекот на деловната година за која што се врши ревизија. Управниот одбор е должен да му овозможи на овластениот ревизор увид во целокупната документација. Овластениот ревизор на финансиските извештаи поднесува извештај за извршена ревизија според меѓународните ревизорски стандарди.

Управниот одбор ги доставува извештајот за извршената ревизија, заедно со годишната сметка, финансискиот извештај и предлог-одлуката за распределба на добивката до Надзорниот одбор заради нивна проверка.

Надзорниот одбор е должен да ги провери годишните сметки, финансиските извештаи и предлогот на одлуката за распределба на добивката. На барање на Надзорниот одбор, овластениот ревизор е должен да присуствува на состанокот на Надзорниот одбор.

Врз основа на чл. 383, на чл. 479 став 2 и 3 од Законот за трговските друштва и на чл. 74 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, Собранието на АЛКАЛОИД АД Скопје на седницата одржана на 5.4.2021 година за овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2021 година го назначи ревизорското друштво DELOITTE ДОО Скопје. Ревизорското друштво не извршува други услуги за АЛКАЛОИД АД Скопје.

# Управен одбор

**Управниот одбор има најголеми овластувања во управувањето на друштвото, односно во вршењето на сите работи врзани со водењето на работите и на тековните активности на друштвото и дејствува во сите околности во име на друштвото во рамките на предметот на работењето.**

**Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, Управниот одбор управува со друштвото и во тие рамки го води работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје под сопствена одговорност.**

**Состав на Управниот одбор:**



**ЖИВКО МУКАЕТОВ**

**Претседател на Управниот одбор и Генерален директор на АЛКАЛОИД АД Скопје**

По струка е дипломиран машински инженер. Магистрирал на Chartered Institute of Marketing во Лондон, Велика Британија. Член е на Управниот одбор од 2004 година, а за претседател на Управниот одбор е назначен во 2007 година. Одговорен е за севкупното работење на Групацијата АЛКАЛОИД.



**МИЛКИЦА ГЛИГОРОВА**

**Член на Управниот одбор и Директор на производниот сегмент на ПЦ Фармација**

Дипломиран фармацевт, специјалист за фармацевтска технологија. Член е на Одборот од 2004 година. Одговорна за севкупните производствени операции на ПЦ Фармација.



**ВИКТОР СТОЈЧЕВСКИ**

**Член на Управниот одбор и**
**Директор на Финансии**

Дипломиран економист. Член на Одборот од јануари 2013 година. Одговорен е за финансиските операции на компанијата.



**ЃОРЃИ ЈОВАНОВ**

**Член на Управниот одбор и Директор на**
**Акционерство и имотни прашања на компанијата.**

Дипломиран економист. Член на Одборот од 2006 година. Одговорен е за акционерството и за имотните прашања.



**ЌИРЕ ИЦЕВ**

**Член на Управниот одбор и Директор на**
**Службата за општи работи.**

B. Sc. на Машинскиот факултет. Член на Одборот од 2007 година. Одговорен е за целокупното работење на Одделот за општи работи.

Управниот одбор во текот на 2021 година своите активности ги вршеше во рамките на своите надлежности, во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на друштвото. Носеше одлуки за деловната политика и го водеше работењето на друштвото.

Управниот одбор, и покрај отежнатите услови за работа поради пандемијата со КОВИД 19, се состануваше редовно, при што во текот на 2021 година одржа 39 (триесет и девет) седници и донесе вкупно 158 (сто педесет и осум) одлуки/заклучоци.

Во извештајот за работата на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје во текот на 2021 година се изнесуваат поважните одлуки што ги има донесено Управниот одбор и тоа:

- Одлука за попис и за формирање комисии за попис на основните средства и на изворите на средства и усвојување на извештајот за извршен попис во АЛКАЛОИД АД Скопје;
- одлуки за усвојување предлог-годишна сметка на друштвото, предлог-консолидирана годишна сметка на друштвото и предлог-годишен извештај за работата на друштвото (единечен и консолидиран);
- одлуки со кои се усвојуваат годишните сметки на друштвата чиј основач е АЛКАЛОИД АД Скопје за претходната година.

Управниот одбор на своите седници месечно ги разгледуваше билансот на успех на АЛКАЛОИД АД Скопје по трошковни места и извештајот за тековното работење на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје.

На седниците, на покана на претседателот на Управниот одбор, телефонски беа достапни и раководните лица од Логистика и управителот на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје. Ваквиот начин на работа е заради почитување на препораките и заради превенција од негативните ефекти на КОВИД 19.

Од Управниот одбор донесени се одлуки/заклучоци со конкретни задолжувања за раководните лица на профитните центри во АЛКАЛОИД АД Скопје и за управителот на АЛКАЛОИД КОНС, а, пред сѐ, во насока на максимално ангажирање за исполнување на зацртаните плански задачи, интензивирање на наплатата, контрола на залихите, како и за намалување на трошоците.

Исто така, Управниот одбор, во согласност со Законот за трговските друштва, ги разгледа и расправаше за неревидираните и ревидираните единечни и консолидирани финансиски извештаи за претходната година, како и за неревидираните периодични финансиски извештаи, и тоа за периодот 1.1. – 31.3.2021, 1.1. – 30.6.2021 година и 1.1. – 30.9.2021 година, при што оцени дека друштвото има остварено позитивни финансиски резултати.

Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на друштвото, Управниот одбор, во рамките на својата надлежност, донесе предлог-одлуки во согласност со предложениот дневен ред за годишното собрание на акционери на друштвото, што се одржа на ден 5.4.2021 година.

Управниот одбор, имајќи ја во вид подобрата и пофункционална организација на работењето на друштвото, донесе одлуки за измени и за дополнување во внатрешната организација и во Правилникот за систематизација на работни места. Воедно донесе измени и дополнување на аналитичката процена на работни места, во согласност со донесената одлука за зголемување на бројот на бодовите за одредени работните места за кои е предвиден 1, 3 и 4 степен на образование, како и одлука за зголемување на нето-вредноста на бодот.

Воедно ги донесе и следните одлуки со кои се одобрува:

- исплата на регрес за годишен одмор;
- исплата на јубилијена награда по повод јубилејот 85 години АЛКАЛОИД.

Управниот одбор донесе Правилник за бенефиции за децата на вработените во АЛКАЛОИД АД Скопје. Со овој правилник се уредува постапката за користење на бенефициите од вработените во друштвото и во неговите капитално поврзани друштва во Република Северна Македонија, чии деца се во процес на доедукација во областа на изучувањето странски јазици, спортски тренинг-активности, како и други вонучилишни образовни или рекреативни ангажмани кои опфаќаат активности од областа на науката и на културата.

АЛКАЛОИД АД Скопје, во рамките на своите активности како општествено одговорна и етичка компанија, го реализира овој проект како дел од категоријата бенефиции за своите вработени и грижа за нивната добросостојба и тој има цел зголемување на чувството за припадност, лојалност и за задоволовство на вработените во друштвото.

Во текот на 2021 година Управниот одбор на своите седници ги донесе и следните значајни општи акти на друштвото, и тоа донесување внатрешни акти за заштита на личните податоци:

- Политика за системот за заштита на личните податоци на АЛКАЛОИД АД Скопје;
- Политика со опис на технички и на организациски мерки (политика за информациска сигурност);
- Политика за определување на обврските и на одговорностите на администраторот на информацискиот систем и на овластените лица на АЛКАЛОИД АД Скопје;
- Политика за роковите на чување на личните податоци, како и за уништувањето на документацијата, бришењето, чистењето или за уништувањето на медиумите;
- Политика за сигурносна копија и за враќање на податоците;
- Политика за управување со безбедносни инциденти;
- Правилник за начинот на вршење видео-надзор во АЛКАЛОИД АД Скопје.

Управниот одбор донесе одлука за назначување на корпоративен секретар по претходно добиена согласност од страна на Надзорниот одбор.

Управниот одбор донесе одлука со која се донесуваат основите на Бизнис-планот на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2022 година.

Управниот одбор донесе одлука со која го усвои Бизнис-планот на друштвото за 2022 година и даде насоки за негово спроведување.

Во Бизнис-планот се содржани: план на продажби, планиран биланс на успех според функција, план на трошоци по видови, план на работна рака, план на капитални издатоци, планиран биланс на состојба и планиран паричен тек.

Управниот одбор оцени дека се работи за Бизнис-план кој е базиран на реалните очекувања, проекции и можности на тековните и на новите пазари и производи, на политиката на управување со ризик и на зголемувањето на ефикасноста на сопствените ресурси, Бизнис-планот за 2022 година е базиран на очекувањата, проекциите и на можностите на тековните и на новите пазари и производи, достапни на друштвото во моментот на изготвување на планот. Воедно донесен е и финансиски календар на АЛКАЛОИД АД Скопје за 2022 година.

Во согласност со чл. 375 ст. 3 и со чл. 366 ст. 3 од Законот за трговските друштва, Управниот одбор донесе одлука за назначување лица со посебни овластувања и одговорности (раководни лица) во друштвото за 2022 година.

На една од своите седници Управниот одбор донесе одлука за целосно финансирање и поддршка на новоформираното спортско здружение, Ракометен клуб АЛКАЛОИД Скопје.

Исто така, Управниот обор го усвои финансискиот извештај на Фондацијата „Трајче Мукаетов“ – Скопје за претходната година и ја донесе Програмата за работа на Фондацијата „Трајче Мукаетов“ – Скопје за 2022 година.

Во Програмата се утврдуваат износот, начинот, условите и постапката за користење на средствата на Фондацијата, наменети за стипендирање, донирање и за финансирање талентирани студенти, научни работници и проекти од областа на медицината и на фармацијата.

Воедно се донесени и програмите за работа за 2022 година на Шаховскиот клуб АЛКАЛОИД и на Ракометниот клуб АЛКАЛОИД Скопје.

Во однос на работењето на друштвата чиј основач е АЛКАЛОИД АД Скопје, Управниот одбор донесе неколку значајни одлуки, и тоа:

Одлуки за продолжување на мандатите на директорите на друштвата во странство чиј основач е АЛКАЛОИД АД Скопје, и тоа: АЛКА-ЛАБ ДОО Љубљана, АЛКАЛОИД ФАРМ Фрибург, АЛКАЛОИД РУС, претставништво на АЛКАЛОИД АД Скопје во Москва, друштвото со ограничена одговорност АЛКАЛОИД КИЕВ, претставништвото на АЛКАЛОИД во Киев, АЛКАЛОИД ДОО Белград, Веледрогерија ДОО Белград, АЛКАЛОИД ДОО Сараево, АЛКАЛОИД ЕООД Софија, АЛКАЛОИД ДОО Подгорица, АЛКАЛОИД ДОО Тирана, АЛК&КОС ДОО Приштина и Ilac Ticared Limited Sirketi Истанбул.

Исто така, Управниот одбор донесе одлука за назначување нов управител на АЛКАЛОИД ЛГЛ ДОО Загреб и нов директор во АЛКАЛОИД ДОО Загреб.

Во согласност со чл. 415-в од Законот за изменување и за дополнување на Законот за трговските друштва, од Службата за внатрешна ревизија, како независна организациска единица во друштвото, до Управниот одбор е поднесен годишен извештај за својата работа за претходната година. Во годишниот извештај презентирани се активностите на Службата за внатрешна ревизија извршени во текот на претходната година, во согласност со усвоениот годишен план за работа на Службата за внатрешна ревизија.
Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија ги содржи следните информации:

- КОВИД 19/ревизија од далечина;
- опис на извршени активности;
- наоди/препораки од извршени поединечни ревизии;
- консултантски активности;
- информации за Службата за внатрешна ревизија.

Управниот одбор, по разгледувањето на годишниот извештај, донесе одлука со која се одобрува годишниот извештај за работа на Службата за внатрешна ревизија на АЛКАЛОИД АД Скопје, како независна организациска единица, за претходната година.

Исто така, во согласност со чл. 415-в од Законот за изменување и за дополнување на Законот за трговските друштва, Управниот одбор го разгледа полугодишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на друштвото, во кој се презентирани активностите на Службата извршени во периодот јануари – јуни 2021 година.

Управниот одбор, по разгледувањето на полугодишниот извештај, донесе одлука со која го усвои и даде оценка дека полугодишниот извештај за 2021 година е квалитетно и содржински изработен, во согласност со законските одредби од Законот за изменување и за дополнување на Законот за трговските друштва, во кој е опфатен описот на извршените ревизии на работењето на друштвото, оцена за соодветноста и за ефикасноста на системите за внатрешна ревизија, како и наоди и предложени мерки на Службата.

1. АЛКАЛОИД АД Скопје, како основач и како единствен содружник на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје, ги врши надлежностите на органите на друштвото, и тоа:

- Управен одбор на основачот, како собир на содружници на друштвото;
- Контролор, како орган на надзор на работењето на друштвото.

Собирот на содружници на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје во текот на 2021 година одржа 9 (девет) седници и донесе 24 (дваесет и четири) одлуки.

Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје, донесени се следните позначајни одлуки:

- Одлука за попис и за формирање комисии за попис на основните средства и на изворите на средства;
- Одлука за усвојување на извештајот за извршен попис на основните средства и на изворите на средства;
- одлуки за усвојување годишна сметка на друштвото, годишен извештај за работата на друштвото и неревидирани финансиски извештаи на друштвото;
- Одлука за распоредување на добивката;
- Одлука за усвојување на извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на друштвото за претходната година од овластен ревизор од ревизорското друштво ДИЛОИТ ДООЕЛ Скопје;
- Одлука за повторен избор на контролор на АЛКАЛОИД КОНС;
- Одлука за повторен избор на управител на АЛКАЛОИД КОНС;
- Одлука за исплата на регрес за годишен одмор;
- Одлуки за назначување раководни лица;
- Одлука за зголемување на нето-вредноста на бодот;
- Одлука за исплата на јубилијена награда по повод јубилејот 85 години АЛКАЛОИД.

2. АЛКАЛОИД АД Скопје, како основач и како единствен содружник на БИЛНА АПТЕКА АЛКАЛОИД ДООЕЛ Скопје, ги врши надлежностите на органите на друштвото, и тоа:

- Управен одбор на основачот, како Собир на содружници на друштвото

Собирот на содружници на БИЛНА АПТЕКА АЛКАЛОИД ДООЕЛ Скопје во текот на 2021 година одржа 6 (шест) седници и донесе 6 (шест) одлуки.

Во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на БИЛНА АПТЕКА АЛКАЛОИД ДООЕЛ Скопје, донесени се следните позначајни одлуки:

- Одлука за попис и за формирање комисии за попис;
- Одлука за усвојување годишна сметка на друштвото;
- Одлука за распоредување на добивката;
- Одлука за исплата на регрес за годишен одмор;
- Одлука за зголемување на нето-вредноста на бодот;
- Одлука за исплата на јубилијена награда по повод јубилејот 85 години АЛКАЛОИД

Работењето на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје во текот на 2021 година беше во рамките на надлежностите утврдени во Законот за трговските друштва и со Статутот на друштвото.

# Управување со ризици и бизнис-континуитет

Управувањето со ризици во АЛКАЛОИД АД Скопје се заснова врз добрата производствена пракса, врз стандардот ISO 31000 и врз другите стандарди што ги применува компанијата, како и врз апликативните водичи. Процесот е воспоставен од 2007 година како дел од интегрираниот менаџмент-систем. Во прилог е дијаграмот со насоки за тоа како управуваме со ризикот.



Управувањето со ризици е под надлежност на Одборот за управување со ризик, кризна состојба и за одржување континуитет на работењето, на тимот за управување со ризик и за континуитет на работењето и на раководителите на организациските единици/сопственици на процесите.

Одговорностите на Одборот, тимот, раководните лица, како и на сите вклучени во овој процес се јасно дефинирани во процедурата за управување со континуитет во работењето и во процедурата за управување со ризици. Ризиците со кои управува АЛКАЛОИД АД Скопје се интегрирани во сите бизнис- и производствени процеси.

Во 2015/2016 година АЛКАЛОИД АД Скопје ги идентификуваше сите потенцијални стратешки ризици на компанијата. Со овој важен исчекор, менаџментот, Одборот и тимот иницираа континуирани активности за намалување на потенцијалните стратешки ризици на компанијата. Со задоволство може да истакнеме дека најголем дел од потенцијалните стратешки ризици се преведени во оперативни ризици, кои се управуваат од средниот менаџмент и од вработените на дневно ниво.

Како алатка за поддршка на процесот користиме регистер на стратешки ризици и регистер на оперативни ризици. Регистрите ни обезбедуваат сеопфатен преглед на ризиците, навремено идентификување и управување со факторите кои може да влијаат врз реализацијата на целите и врз стратегијата на компанијата.

Со континуираното преиспитување на ризиците постигнуваме намалување на веројатност за појава на ризици, намалување на сериозноста на последиците од ризици, како и преземање мерки со цел свесност, подготвеност, управување и одржување на ризиците на прифатливо ниво.

Ова може да се види од графиконот во кој прикажуваме споредба на процесот на управување со ризици во 2020 и во 2021 година.



# Континуитет во работењето

На самиот почеток на пандемијата на КОВИД 19 АЛКАЛОИД АД Скопје изработи план за бизнис-континуитет за време на пандемија, со јасно дефиниран план на активности и мерки што се преземаат за да се обезбеди континуитет во работењето.

Искуството и потребата ни дадоа насока да продолжиме со примена на ISO 22301, систем за управување со континуитетот во работењето. Преку примена на системот за управување со континуитет целиме кон постигнување на следните можности и придобивки:

- од деловна перспектива: поддршка на стратешките цели и заштита и зајакнување на угледот на компанијата, кредибилитетот и на организациската подготвеност и отпорност.
- од финансиска перспектива: намалување на правната и на финансиската изложеност и намалување на директните и на индиректните трошоци при прекини/неочекувани појави.
- од перспектива на засегнатите страни: заштита на животот, имотот и на животната средина и обезбедување доверба во способноста на организацијата успешно да ги постигне своите цели.
- од перспектива на внатрешните процеси: подобрување на способноста на деловните процеси да останат ефектни за време на прекини/неочекувани појави, ефективна, ефикасна и проактивна контрола на ризикот, како и идентификување и надминување на оперативните пропусти.

Управувањето со процесот на континуитет на работењето е под надлежност на Одборот за управување со ризик, кризна состојба и за одржување континуитет на работењето, на тимот за управување со ризик и за континуитет на работењето и на раководителите на организациските единици/сопственици на процесите.

Одговорностите на Одборот, тимот, раководните лица, како и на сите вклучени во овој процес се јасно дефинирани во Процедурата за управување со континуитет во работењето и во Процедурата за управување со ризици.

Во согласност со ГАП-анализата за барања на стандардот ISO 22301, во тек е изработка на сопови и на други документи за бизнис импакт анализа и за бизнис-стратегија и, каде што е потребно, за дополнителни планови за континуитет во работењето.

Целиме и кон подобрување во оперативното работење преку континуирани стручни обуки за сите вработени вклучени во овој процес.

Во прилог е дијаграм за текот на процесот за континуитет во работењето во АЛКАЛОИД АД Скопје.




Визијата и посветеноста на менаџментот на АЛКАЛОИД АД Скопје постојано ги подобрува овие две области – управувањето со ризиците и континуитетот на работењето на компанијата.

# Корпоративна усогласеност

Да се дејствува со интегритет и со чесност е еден од основните предуслови за деловните успеси на АЛКАЛОИД АД Скопје. Поради тоа, усогласеноста со домашните и со меѓународните прописи, внатрешните акти, доброволната заложба и посветеноста на раководната структура и на вработените за почитување на етичките принципи и стандарди се едни од најважните постулати на кои компанијата ги темели своите деловни активности. Нашата цел е да ја зајакнеме довербата на сите вработени, акционерите, на деловното опкружување, надлежните институции и на другите чинители во општеството, во нашата посветеност и заложба за негување и за развој на корпоративниот интегритет на АЛКАЛОИД АД Скопје.

## Нормативни аспекти на системот за корпоративна усогласеност

Во текот на 2020 година, со поддршка на највисокото раководство на АЛКАЛОИД АД Скопје, започна процесот на обновување на корпоративните акти на компанијата, во насока на систематизација и на создавање систем на усогласеност, кој подразбира нормативна и организациска структура, која ќе послужи како поддршка за остварување на целите на корпоративната усогласеност. Особено е важно да се нагласи дека усогласеноста со нормативните и со етичките принципи во компанијата постоела и се работела и претходно, при што процесот на создавање систем на усогласеност претставува продолжена активност на структуирање и на кодификација на постојните практики на усогласеност, нивно усовршување и поставување линија на изграден систем на дефинирани правила, контролни механизми и постапки.

Во таа насока, во текот на 2020 година беше усвоен сет акти, кои го претставуваат јадрото на системот на корпоративната усогласеност. Имено, највисокото раководство ја усвои втората верзија од Кодот за етичко и деловно однесување на АЛКАЛОИД АД Скопје, документ кој претставува кодификација на етичките вредности, стандарди и принципи и нивно поставување како основа за почитување на сите други задолжителни акти, закони, прописи и други корпоративни акти. Кодот за етичко и деловно однесување за првпат содржи посебен дел, посебна глава – Фармацевтска усогласеност – со што се постави основата за натамошна кодификација на принципите и на стандардите што се применливи во интеракцијата со здравствените работници и во промоцијата на лекови, преку усвојување на Кодексот за интеракција со здравствени работници и за етичка промоција. Кодексот претставува документ во кој се систематизирани и сублимирани аспектите од активностите што се специфични за фармацевтските компании, кои дејствуваат во строго регулирана индустрија. Дополнително, компанијата усвои и антикорупциска политика, во која се уредени сите аспекти на превенција и на санкција за недозволени исплати и за поткуп на јавни службеници и на носители на јавни функции, како основни параметри на нашата интеракција со државната структура и со општеството во целина.

## Организација на системот на усогласеност

Системот на корпоративна усогласеност на АЛКАЛОИД АД Скопје не подразбира само донесување и усвојување корпоративни акти, туку акцентот го става врз примената и врз извршувањето на тие акти.

За таа цел, воспоставена е мрежа на одговорни лица, која е надлежна за спроведување на системот за усогласеност на АЛКАЛОИД АД Скопје, организирани како:

- офицер за корпоративна усогласеност,
- Комисија за корпоративна усогласеност.

Дополнително, за периодот на кој се однесува овој годишен извештај поставени се офицери за усогласеност во капитално поврзаните друштва на АЛКАЛОИД АД Скопје, каде што организациски функционираат правни служби. Во периодот што следува процесот на организациска поставеност на структурата на корпоративната усогласеност ќе се заокружи, со тоа што ќе бидат назначени офицери за усогласеност и во другите капитално поврзани друштва.

Во насока на обезбедување и на примена на системот на усогласеност на компанијата, надлежните тела за усогласеност применуваат интегриран систем на процеси, контролни механизми и алатки, со цел намалување на ризикот за повреди на Кодот за етичко и деловно однесување, извршени од раководните лица и од вработените во АЛКАЛОИД АД Скопје и во капитално поврзаните друштва.

### Постапка на пријавување и на одлучување во врска со повреди на Кодот за етичко и деловно однесување

Во согласност со актите за корпоративна усогласеност, сите вработени во АЛКАЛОИД АД Скопје и во капитално поврзаните друштва, како и сите деловни партнери и соработници, имаат можност да ги пријават сите фактички и потенцијални прекршувања на Кодот за етичко и деловно однесување, како и секое друго незаконско и неетичко однесување од раководните лица и од вработените на компанијата, преку следниве канали:

- веб-формата AlkaSpeakUp, поставена на интернет-страницата на АЛКАЛОИД;
- повик на телефонскиот број на офицерот за корпоративна усогласеност или на телефонските броеви на офицерите за усогласеност на капитално поврзаните друштва;
- електронска пошта на адресата на офицерот за корпоративна усогласеност на АЛКАЛОИД или на електронската пошта на офицерите за усогласеност на капитално поврзаните друштва

Во периодот за кој се однесува овој годишен извештај каналите за комуникација се овозможени само за територијата на Република Северна Македонија, додека, пак, во периодот што следува ќе се преземат технички и организациски активности и мерки за воспоставување канали за комуникација на ниво на сите капитално поврзани друштва на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во согласност со организациската структура на системот за корпоративна усогласеност на АЛКАЛОИД АД Скопје, во врска со основаната пријава за повреда на Кодот за етичко и деловно однесување одлучува Комисијата за корпоративна усогласеност, чиј член е и офицерот за корпоративна усогласеност.

Комисијата има ингеренции да спроведува истраги во насока на утврдување на сите факти и околности поврзани со пријавата за повреда на Кодот за етичко и деловно однесување од пријавувач од редот на вработените во АЛКАЛОИД АД Скопје, од надворешен пријавувач (од редот на деловните партнери или соработници на АЛКАЛОИД АД Скопје) или на барање на раководно лице во АЛКАЛОИД, во насока на утврдување јасна фактичка состојба за пријавената повреда. Врз основа на утврдената фактичка состојба, Комисијата за корпоративна усогласеност изготвува наод на постоење или на непостоење повреда, со предлог-санкција (доколку е утврдена повреда), кои се доставуваат до раководните структури на АЛКАЛОИД АД Скопје, кои потоа носат основана одлука за изрекување санкции кон прекршителите.

Од почетокот на примена на Кодот за етичко и деловно однесување, односно од септември 2020 година, преку платформата AlkaSpeakUp Комисијата вкупно прими дванаесет пријави за повреда на Кодот за етичко и деловно однесување, како и шест други комуникации кои не содржат елементи на пријава. Во рамките на постапките по примените пријави, Комисијата спроведе истраги и усвои наоди за девет од нив, од кои шест во периодот за кој се однесува овој годишен извештај, додека, пак, за три пријави постапката не е завршена до 31.12.2021.

## Преглед на ефикасноста на системот за усогласеност

Нашиот систем за усогласеност е поставен во согласност со националните и со меѓународните прописи и стандарди. Негова цел е да охрабри, спроведе и да осигури усогласено однесување во рамките на компанијата на одржлив начин. Фокусот на нашата организација за корпоративна усогласеност е да спречи недозволени, неетички и незаконски активности од вработените и од раководните лица, кои, во крајна линија, би можеле да предизвикаат сериозни штети во поглед на репутацијата или на финансиските интереси и цели на компанијата.

Кодот за етичко и деловно однесување е дистрибуиран до сите вработени во компанијата, а достапен е и на интернет-страницата на друштвото. Тој претставува основна алатка за градење и за развивање свесност од вработените и од раководната структура за етичко однесување и за градење корпоративен интегритет и култура.

Редовната размена на информации меѓу раководната структура на компанијата и организацијата за корпоративна усогласеност, како и комуникацијата со надворешните чинители, придонесуваат за континуирано усовршување на системот на корпоративна усогласеност на АЛКАЛОИД АД Скопје. Во рамките на досегашната примена на системот на усогласеност, вклучувајќи го и периодот на кој се однесува овој годишен извештај, нема индикатори кои упатуваат на заклучок за неефикасност на системот за усогласеност на АЛКАЛОИД АД Скопје, во кој било сегмент.

# Заштита на личните податоци

АЛКАЛОИД АД Скопје и посветува особено внимание на заштитата на личните податоци во сите свои деловни процеси, применувајќи ги стандардите поставени со прописите за заштита на личните податоци во Република Северна Македонија, општата регулатива за заштита на лични податоци – GDPR (ЕУ) 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот на Европа, како и во согласност со стандардите кои постојат во рамките на друштвото. Во оваа смисла, важен фактор во функционирањето на АЛКАЛОИД АД Скопје е правото на заштита на личните податоци на вработените, акционерите, деловните партнери, на посетителите, практикантите, кандидатите за вработување и на другите категории субјекти, за кои АЛКАЛОИД, во текот на работењето, собира, обработува и чува лични податоци.

Со влегувањето во сила на новиот закон за заштита на личните податоци, кој беше донесен на 24 февруари 2020 година, во текот на 2021 година во АЛКАЛОИД АД Скопје се спроведоа многубројни активности, со цел подигнување и зајакнување на нивото на заштита на личните податоци, во согласност со новите законски побарувања. Сите контролори и обработувачи на територијата на Северна Македонија имаа обврска да го усогласат своето работење со одредбите од новиот закон за заштита на лични податоци, најдоцна до 24 август 2021 година.

Поконкретно, активностите вклучуваа промена на постојните процеси и воведување нови во сите организациски делови на АЛКАЛОИД АД Скопје, со цел примена на начелата поврзани со обработка на личните податоци и тоа:

- законит, фер и транспарентен начин на обработка на личните податоци;
- ограничување на целта на обработката на личните податоци;
- ограничување на обемот на личните податоци;
- точност на личните податоци;
- ограничување на роковите за обработка на личните податоци;
- интегритет и доверливост на личните податоци;
- отчетност

## 1. ГАП-анализа

Во текот на првиот квартал од 2021 година се направи ГАП-анализа на веќе постојниот систем за заштита на лични податоци, од што произлезе извештај за ГАП-анализа, врз основа на кој се направи план за спроведување на целокупните активности во АЛКАЛОИД АД Скопје во насока на усогласување со новиот закон.

## 2. Внатрешни акти на АЛКАЛОИД АД Скопје

Врз основа на спроведената анализа на ризиците на новиот каталогот на збирките на лични податоци во друштвото и на сите подготвителни активности, во август 2021 година од Управниот одбор се донесени внатрешните акти, односно политиката за системот за заштита на личните податоци на АЛКАЛОИД АД Скопје, заедно со нејзините потполитики. Со внатрешните акти целосно е пропишано постапувањето на АЛКАЛОИД АД Скопје како контролор, но и како обработувач при обработка на лични податоци, во согласност со новиот закон за заштита на лични податоци, особено во однос на применувањето на техничките и на организациските мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци.  Воедно донесен е и нов правилник за начинот на вршење видеонадзор во АЛКАЛОИД АД Скопје.

## 3. Корпоративен офицер за заштита на лични податоци

Од Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје назначен е корпоративен офицер за заштита на лични податоци, кој, заради постигнување поефикасно извршување на функцијата и повисок степен на заштита на личните податоци, има стратешка и независна улога во друштвото. Воедно, формирана е и работна група за заштита на лични податоци, која ја сочинуваат претставници од различни организациски делови во друштвото каде што се обработуваат лични податоци. Со цел на лесен начин да се обезбеди директен контакт и комуникација на офицерот со субјектите на личните податоци, контакт-податоците на офицерот се објавени на корпоративната веб-страница на друштвото и ѝ се соопштени на Агенцијата за заштита на лични податоци.

Во текот на 2021 година офицерот посетуваше повеќе домашни и надворешни виртуелни обуки од различни области за заштитата на лични податоци, со цел длабинско запознавање со целокупната тематика на заштитата на личните податоци.

## 4. Спроведени обуки

Со цел јакнење на капацитетите на вработените во друштвото до декември 2021 година, корпоративниот офицер за заштита на лични податоци организираше и спроведе над 10 обуки за заштита на лични податоци, наменети за околу 350 овластените лица во друштвото, кои обработуваат лични податоци. Обуките беа спроведени преку виртуелната платформа Webex. Обуките кои беа спроведени беа содржани и сеопфатни и им овозможија на вработените да се запознат со новите законски барања, но и да бидат подготвени да одговорат на новите предизвици за примена на обврските за заштита на личните податоци.

## 5. Примена на принципот на отчетност во пракса

Со промовирање на новата веб-страница додадено е ново катче за заштита на лични податоци, за да се обезбеди најдобро можно корисничко искуство и гаранција дека секое надворешно лице или вработен во друштвото лесно ќе може да ги најде потребните информации што се наоѓаат во политиките за приватност за тоа како ги обработува АЛКАЛОИД АД Скопје личните податоци за различни категории на субјкети. Воедно, за да се обезбеди транспарентност, секое лице кое сака да ги оствари своите права утврдени со закон може да го направи тоа преку едноставна постапка со пополнување на обрасците што се наоѓаат во ова катче и со нивно доставување електронски или во хартиена форма до корпоративниот офицер за заштита на лични податоци.

Во текот на 2021 година одржани се многубројни состаноци во рамките на сите организациски делови, од аспект на процена на воспоставениот систем за заштита на лични податоци и на активностите што е потребно да се преземат за усогласување со новиот закон за заштита на лични податоци. Корпоративниот офицер за заштита на лични податоци редовно одржуваше состаноци со раководните лица и со другите вработени од различни организациски делови и континуирано даваше поддршка за усогласување со новите законски прописи преку дадени мислења, насоки и укажувања во однос на: обработката на лични податоци преку примена на основните принципи во согласност со Законот за заштита на лични податоци, обезбедувањето технички и организациски мерки, усогласувањето на веб-страниците и на политиките за приватност, подготовката на процедури, директниот маркетинг и согласности, видеонадзорот, обработката на податоците во инфоматичка и во комуникациска технологија, договорните клаузули со обработувачите и сл.

## 6. Проекти

Преку заедничка соработка со друштвото АЛКАЛОИД ЛГЛ ДОО Загреб и со офицерите за заштита на лични податоци од друштвата на АЛКАЛОИД во ЕУ, изработен е Прирачник за заштита на лични податоци, наменет за вработените во АЛКАЛОИД АД Скопје и во неговите друштва во странство. Прирачникот е изработен на македонски и на англиски јазик и има цел да им помогне на вработените полесно да ја разберат тематиката за заштита на лични податоци, но и да ги едуцира преку практични совети, кои треба да се применуваат во секојдневната работа.

# Корпоративна интелектуална сопственост

Правата од интелектуална сопственост (ИС) се важен и вреден аспект во сопственоста (асетот) на еден бизнис. Во време на извонредна динамика на глобалниот пазар, ИС претставува централен елемент во обезбедувањето сигурност, поттикнувањето иновативност, промовирањето напредок и во проширувањето на бизнисот.

Добро воспоставените и заштитените права од ИС им помагаат на потрошувачите да направат паметен и сигурен избор во однос на безбедноста, доверливоста и на ефективноста при нивното купување. Од друга страна, гарантираат дека производите се автентични и со висок квалитет, кој го препознаваат и го очекуваат потрошувачите. Накратко, правата од ИС ги стимулираат сигурноста и удобноста, кои ги бараат потрошувачите и на кои се потпираат пазарите.

Знаејќи го ова, ние сме посветени на градење силни и препознатливи брендови, преку кои можеме да ги гарантираме стандардот и квалитетот на нашите производи, кои се лесно препознатливи од потрошувачите. На овој начин ја зачувуваме репутацијата на компанијата и ја осигуруваме стабилноста на нашиот раст и развој.

Импресивното портфолио на трговски марки на АЛКАЛОИД АД Скопје се состои од приближно 3.500 пријавени или регистрирани трговски марки во повеќе од 60 земји, покривајќи повеќе од 8 класи на добра и на услуги. Нашата стратегија е да се регистрираат трговски марки за сите производи и услуги од интерес, во сите земји во кои тие се комерцијализирани.

**ПРЕГЛЕД НА ТРГОВСКИ МАРКИ ПО ЗЕМЈИ**



Една од првите трговски марки во сопственост на АЛКАЛОИД, со приоритет од 1972 година, е сè уште активна и го штити компанискотo лого речиси 50 години.

Во изминатите години забележуваме постојан раст на портфолиото, со зголемени активности за пребарување и за утврдување ризик за нови имиња, подготовки за нови пријави во различни јурисдикции, а притоа, секако, одржување и заштита на постојните регистрации и обнови.

**МЕНАЏИРАЊЕ СО ПОРТФОЛИОТО НА ТРГОВСКИ МАРКИ**




Портфолиото е составено од трговски марки кои заштитуваат голем број производи и услуги, регистрирани во различни форми и изгледи (вербални, во изглед, 3Д и сл.)

Му посветуваме посебно внимание на пристапот за одржување и за заштита на нашите umbrella brands, вклучително и на планирањето за новите пазари и производи кои би ги покривале (во табелата се дел од поголемите брендови).

| Umbrella brand | Број на земји | Број на трговски марки |
|---|---|---|
| ALKALOID – Company brand | 59 | 224 |
| BECUTAN | 16 | 566 |
| BECUTAN KIDS VITS | 11 | 56 |
| CAFFETIN | 26 | 145 |
| GATTART & Gastro Guard | 25 | 58 |
| BlokMAX | 14 | 44 |
| Multi Essence | 12 | 29 |
| SATTWA | 9 | 94 |
| GOOD NATURE | 11 | 127 |
| Medical | 1 | 6 |
| GLOSS | 2 | 64 |
| Young Derm | 8 | 57 |

Свесни сме дека вредноста на портфолиото на трговски марки ги вклучува и довербата и лојалноста на потрошувачите, имиџот на брендот и репутацијата.

Менаџирајќи го портфолиото на трговски марки, кое е во постојан раст, нашиот примарен фокус во изминатите години беше да се осигураме дека ги имаме најдобрите луѓе, најдобрите алатки и најдобрата стратегија за менаџирање, одржување и за заштита на нашето ТМ-портфолио. Посветивме внимание на едуцирање кадар, следење на најновите технологии во сферата на правото и на вештачката интелигенција, истражување на најдобрите стратегии и сл.

Во оваа насока, задоволство ни е да соопштиме дека Одделението за корпоративна, интелектуална сопственост, во рамките на Корпоративната правна служба на АЛКАЛОИД АД Скопје, успешно го интегрираше софтверот за менаџирање на ИС – Патриција – производ на Patrix IP helpware – и активно го употребува за подобрување на сите процеси и активности поврзани со интелектуалната сопственост. Новиот систем овозможува брз пристап до сите податоци, поврзана електронска архива со сите предмети и автоматско следење соодветна интелектуална сопственост, на пр. правила/регулативи, стандардизирани документи, регистрирање трошоци и менаџмент на документи, вклучително и електронски пораки и групни процеси за промена на податоци.

Дополнително, со глобалната тенденција на значително зголемен број нови пријави за трговски марки, процесот за избор на нови имиња, како и заштитата од повреда од трети лица претставува особен предизвик. За оваа цел, во 2021 година започнавме со употреба на платформата CompuMark, електронска алатка која содржи проверени податоци за трговски марки и претставува сигурен ресурс во процесот на утврдување потенцијален ризик на постојните брендови и трговски марки, како и на брзо утврдување на степенот на ризик за нови пријави на трговски марки, со што се овозможува побрзо лансирање нови производи.

Нашиот фокус продолжува во насока на следење на трендовите на пазарот и на развивање на нашата стратегија за ИС, за најдобро да го следи растењето на бизнисот.

# Кодекс за корпоративно управување

Во октомври 2021, како резултат на заедничкиот проект на „Македонската берза“ АД Скопје и на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, донесен е новиот кодекс за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на „Македонската берза“.

Со одредбите на Кодексот се воспоставуваат нови стандарди и инструменти во делот на корпоративното управување за компаниите кои котираат на „Македонската берза“, а сè со единствена цел – подобрување на работењето на котираните компании.

Веднаш по усвојувањето на Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на „Македонската берза“, АЛКАЛОИД АД Скопје презеде чекори и активности за приспособување и за примена на одредбите од Кодексот во работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје, како и усогласување на нормативните внатрешни акти на друштвото со Кодексот за корпоративно управување.

Паралелно со процесот на измена на внатрешната организациска структура, започнат е и процесот за измена на внатрешните акти на компанијата, почнувајќи од Статутот на друштвото, кој ќе биде усвоен на годишното собрание на акционери во 2022 година. Во процесот на измена на внатрешната организациска структура, во рамките на Корпоративната правна служба е воведено ново одделение за корпоративна нормативно-правна поддршка, чие работење ќе биде фокусирано на подготовка, примена, спроведување и на толкување на внатрешните акти на компанијата на корпоративно ниво. Новите внатрешни акти на друштвото ќе бидат приспособени на новите одредби, барања и стандарди предвидени со Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на „Македонската берза“, со што АЛКАЛОИД АД Скопје од 2022 година ќе го применува Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на „Македонската берза“, а друштвото ќе продолжи да претставува пример за успешно применување на новите стандарди за добро корпоративно управување.

## Корпоративен секретар

Една од првите внатрешни активности во рамките на примената на Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на „Македонската берза“ беше реорганизацијата и промената на внатрешната организациска структура на друштвото, со која се уреди и се востанови позицијата корпоративен секретар на АЛКАЛОИД АД Скопје. По завршувањето на овој процес беше назначен и првиот корпоративен секретар на АЛКАЛОИД АД Скопје, кој започна и ефективно да функционира и да работи од 1 јануари 2022 година. Во согласност со одредбите на Кодексот, главната функција на корпоративниот секретар ќе биде обезбедувањето стручна и административна поддршка на Собранието на акционери, на Надзорниот одбор и на Управниот одбор на друштвото.

# Акционерство

**Акциите на АЛКАЛОИД АД Скопје котираат на официјалниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност од 2002 година.**

| ПАЗАРЕН СЕГМЕНТ: | БЕРЗАНСКА КОТАЦИЈА – ОБИЧНИ АКЦИИ |
|---|---|
| ISIN | MKALKA101011 |
| Шифра на ХВ | ALK |

Основната главнина на АЛКАЛОИД се состои од 1.431.353 акции со номинална вредност од 25,56 ЕУР од акција или вкупен износ од 36.585.382,68 ЕУР. Заклучно со 31.12.2021 година АЛКАЛОИД АД Скопје има 5.170 акционери. Акциите се слободно преносливи. За акционери се сметаат сите лица запишани во акционерската книга, која, во согласност со законската регулатива, се води во Централниот депозитар за хартии од вредност. Акционерите под еднакви услови имаат еднаква положба во друштвото. Секој акционер има право на еден глас во Собранието на друштвото – по еден за секоја обична акција, како и право на исплата на дивиденда.

Од акциите 99,7 % (1.428.125) се обични акции, од кои 59 се резервирани за поранешни сопственици, додека, пак, 0,23 % (3.228) се приоритетни акции, исто така, резервирани за поранешни сопственици, кои треба да докажат право на сопственост над имот кој сега е во сопственост на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Обичните акции им даваат на сопствениците право на:

1. глас во Собранието на друштвото;
2. исплата на дел од добивката (дивиденда);
3. исплата на дел од остатокот од ликвидациската, односно од стечајната маса на друштвото.

Акциите на АЛКАЛОИД се едни од најтргуваните и најликвидните акции во текот на 2021 година, според статистичките извештаи на „Македонска берза“ АД Скопје. Направени се 3.085 трансакции, а истргувани се 53.678 акции во вредност од 845 милиони денари.

Како една од водечките акции на Македонската берза, акцијата на АЛКАЛОИД учествуваше со 15,35 % во прометот на официјалниот пазар во 2021 година. Цената на акцијата се движеше од 13.300,00 денари до 18.501,00 денари, со просечна цена од 15.799,55 денари од акција, што претставува раст од 29,8 % во споредба со просечната цена на акцијата во 2020 година.

## Дивиденда

АЛКАЛОИД АД Скопје редовно исплаќа дивиденда на годишно ниво од 1995 година, кога компанијата беше реструктуирана.

Исплатената нето-дивиденда од акција во последните три години:

| 2018 | 2019 | 2020 |
|---:|---:|---:|
| 272.00 денари + 11,9 % | 324.00 денари + 19,1 % | 360.00 денари + 11,1 % |

# Интегриран менаџмент - систем и квалитет

## Квалитет

АЛКАЛОИД АД Скопје има сеопфатно дизајниран и коректно применет интегриран менаџмент-систем (ИМС), кој ги инкорпорира барањата на cGxP, ISO 9001:2015, ISO 14001:2015, на ISO 45001:2018, 13485:2016, FSSC22000 и на HALAL.

Главната цел на ИМС е да потврди дека АЛКАЛОИД АД Скопје континуирано произведува производи со највисоко ниво на квалитет, безбедност и на ефикасност, кои ги задоволуваат барањата на нашите потрошувачи, релевантните законски барања, како и барањата на имплементираните интернационални стандарди и водичи.

Високото раководство со одговорност и со посветеност спрема исполнување на оваа цел, низ ефективно лидерство и низ промоција на соодветната култура на квалитет, охрабрува активно учество и правилно однесување на целокупниот персонал на сите нивоа во компанијата, со крајна цел континуирано подобрување на ИМС.

Нашата стратегија за квалитет се фокусира на усогласеност со принципите на добрите пракси (cGxP) и регулативи кои го дефинираат квалитетот во фармацијата, хемијата, козметиката и билката, предводени од процесниот пристап на циклусот PDCA (планирај-направи-провери-дејствувај), од континуирано подобрување на нашите производи, процеси и услуги и од задоволството на корисниците.

ИМС континуирано се мониторира во рамките на процесите за преиспитување од раководството на годишно ниво, за КПИ (клучни индикатори на перформанса) и за состаноци за квалитет, како и преку интерни проверки/самоинспекции со идентификација на можностите за континуирано подобрување на производите, процесите и на самиот систем.

Ефективноста и усогласеноста на ИМС се потврдуваат од екстерни инспекции и со проверки од регулаторни институции, нотификациско тело, сертификациски тела и од нашите партнери.

Во 2021 година спроведени се 3 инспекции во ПЦ *Фармација* од нашата национална Агенција за лекови и медицински средства МАЛМЕД за обнова на сертификатот за усогласеност со начелата на добрата производствена пракса (GMP) на производствениот сајт на бул. „Александар Македонски“ бр. 12; за обнова на дозволата за производство и за промет на активни фармацевтски супстанции и за дозволата за производство и за промет на супстанции и на растенија класифицирани во листите II и III, како и на нивни препарати за медицински цели.

Една проверка за усогласеност со ISO-стандардите беше спроведена од Quality Austria.

Една проверка за усогласеност со директивата за медицински средства Directive 93/42/EEC беше спроведена од нотификациското тело DEKRA Certification B.V.

Една проверка за усогласеност со националната легислатива за органско земјоделско производство беше спроведена од PRO CERT.

Една проверка за усогласеност со регулативите Regulation (EC) No.834/2007, Regulation (EC) No.889/2008, USDA NOP, JAS за органско производство беше спроведена од Control Union Certification B.V.

Десет проверки беа спроведени од различни партнери, како на пример проверки на далечина, деск-топ проверки и проверки со прашалници.

АЛКАЛОИД АД Скопје дополнително даде поддршка за алкалоидовите подружници/фирми ќерки и учествуваше во една инспекција и во шест проверки од партнери.

Корпоративната функција на Обезбедување квалитет се одвиваше тековно во 2021 година, преку воведување на корпоративните ОК-политики, со цел усогласување на нивото на интегрираниот менаџмент-систем и на процесите на обезбедување квалитет во сите подружници/фирми ќерки на АЛКАЛОИД.

# Безбедност и здравје при работа

Создавањето и постојаното подобрување на безбедната и здрава работна околина е една од главните цели која е втемелена во секојдневните активности што се извршуваат во АЛКАЛОИД АД Скопје. Целосно сме посветени на реализација на идејата за безбедни и за здрави работни услови и за задоволни вработени, бидејќи тие се клучот за успех на една компанија.

Континуирано ги следиме законските регулативи и највисоките стандарди во областа на безбедноста и здравјето при работа и ги применуваме најдобрите практики и начини, а сето тоа во насока на остварувањето на крајната цел – нула број на повреди при работа.

Во продолжение ќе дадеме краток осврт за функционирањето на целосниот систем за безбедност и здравје при работа, за усогласеноста со законската регулатива, за неговите клучни индикатори, како и за мерките за подобрувања и за споредби за 2020 и за 2021 година.

## 1. Законска усогласеност и функционирање на системот за безбедност и здравје при работа

Континуирано се вршат испитувања на работната средина преку мерења на микроклиматските услови: температура, релативна влажност, струење на воздухот, како и физички, хемиски и биолошки штетности, со што се обезбедува удобна работна средина за секој вработен во АЛКАЛОИД АД Скопје. Учествуваме во процесот на примена на нова опрема и технологија во однос на безбедноста и здравјето при работа, со што се обезбедуваат безбедни услови уште при процесот на нивно проектирање и инсталација. Се грижиме за безбедноста на средствата за работа со континуирано извршување проверка на целокупната опрема во сопственост на АЛКАЛОИД АД Скопје. Активно ги вклучуваме сите организациски единици во истрагите за инциденти по случена повреда при работа или по избегната несреќа, сè со цел да се дефинираат корективни мерки или мерки за подобрување, кои придонесуваат за намалување на исти или на слични повреди при работа во иднина. Секојдневно учествуваме во процесите за подобрување на интегрираниот менаџмент-систем на АЛКАЛОИД АД Скопје преку координирање корективни мерки и мерки за подобрување во областа безбедност и здравје при работа, во која учествуваат сите организациски единици во АЛКАЛОИД АД Скопје.

- **Проценки на ризикот на работните места**
  Одделот за безбедност и здравје при работа во 2021 г. учествуваше во изработката на 116 нови проценки на ризикот на работните места, од кои 105 нови и 11 проценки во кои се преоценети ризиците.

- **Превентивни здравствени прегледи за вработените во АЛКАЛОИД АД Скопје**
  Одделот за безбедност и здравје при работа, во согласност со законските барања, редовно и навремено ги организира и ги спроведува превентивните здравствени прегледи (претходни, систематски, периодични и насочени) за вработените во АЛКАЛОИД АД Скопје. На следните графикони е прикажана анализа на спроведените здравствени прегледи за 2020/2021 г.




- **Обука за вработените во АЛКАЛОИД АД од областа на безбедноста и здравјето при работа и на заштитата од пожари и од експлозии**

  Одделот за општи работи континуирано ја подобрува компетентноста на своите вработени и на вработените во АЛКАЛОИД АД Скопје преку обезбедување стручни екстерни обуки од различни области за своите вработени и реализација на интерни обуки на вработените од АЛКАЛОИД АД Скопје за различни области од работењето на Општи работи (безбедност и здравје при работа и заштита од пожари и од експлозии).

На следните графикони е прикажана анализа на реализираните екстерни и интерни обуки на вработените во Општи работи на различни теми од безбедноста и здравјето при работа и од заштитата од пожари и од експлозии, спроведените екстерни и интерни обуки на вработените во АЛКАЛОИД АД Скопје на различни теми од безбедноста и здравјето при работа и од заштитата од пожар и од експлозии, како и бројот на обучени вработени.

- **Екстерни обуки за вработените во Општи работи**



▶ **Обуки за вработените во АЛКАЛОИД организирани од Општи работи, а спроведени од надворешни лиценцирани компании**




▶ **Интерни обуки за вработените**



▶ **Анализа на повредите при работа (незгоди и инциденти)**

Одделот за безбедност и здравје при работа на АЛКАЛОИД АД Скопје во годишниот извештај за работа за 2021 година има изготвено анализа на сите повреди при работа за тековната година. Во анализата се обработени сите податоци и главни индикатори за настанатите повреди при работа (час, ден, месец, место на случување, повреден дел, извор, причина и др.), за нив се извршени детални истраги и се издадени корективни мерки. Во 2021 година во АЛКАЛОИД АД Скопје се случиле 29 повреди при работа, при што има намалување во однос на 2020 година за 7 повреди. Поставените КПИ на ниво на АЛКАЛОИД АД Скопје во однос на повредите при работа, како и на пријавените избегнати повреди во 2021 година се остварени.

**ТРЕНД НА ПОВРЕДИ ПРИ РАБОТА**




▶ **Број на испитана опрема**

**ИСПИТАНА ОПРЕМА**



▶ **Мерења на микроклиматските услови, како и на физичките и хемиски штетности во работната средина**




▶ **Корективни мерки (2020/2021)**

Општи работи секојдневно учествува во процесите за подобрување на интегрираниот менаџмент-систем на АЛКАЛОИД АД Скопје, преку координирање на корективните мерки и на мерките за подобрување во областа безбедност и здравје при работа, како и ПП-заштита и заштита и спасување, во која учествуваат сите организациски единици во АЛКАЛОИД АД Скопје. На годишно ниво се иницираат преку 100 корективни мерки и мерки за подобрување од повреди при работа, но и од *near miss* (избегнати повреди) инциденти, месечни обиколки за БЗР, интерни и екстерни проверки на системот за управување со безбедност и здравје при работа ISO 45001:2018 и препораки од претставниците за безбедност и здравје при работа од редот на вработените. Се формираат мултидисциплинарни тимови од повеќе сектори, во зависност од сопственикот на мерката за подобрување или на корективната мерка за реализација на корективните мерки и на мерките за подобрување, кои активно учествуваат во решенијата и во откривањето на причините за настанување на наодите, преку користење методологии за откривање на настанатата причина во форма на 5Why's и Ishikawa дијаграм. Процентот на реализација на корективните мерки и на мерките за подобрување од областа безбедност и здравје при работа е повеќе од 50 %, со што се докажува дека сите чинители во сите процеси се активно вклучени во подобрување на процесите во системот за управување со безбедност и здравје при работа.

▶ **Одбор за безбедност и здравје при работа**

Во согласност со донесениот правилник за претставници на работниците за безбедност и здравје при работа во АЛКАЛОИД АД Скопје во јуни 2020 г., Одборот за безбедност и здравје при работа во 2021 г. одржа 2 (два) состанока, и тоа на 5.7.2021 г. и на 30.12.2021 г., на кои беа разгледувани и решени разни прашања од аспект на безбедноста и здравјето при работа.

▶ **Усогласеност со законската регулатива**

Воспоставениот систем за безбедност и здравје при работа, преку своите клучни елементи: намалување на повредите при работа, цели и програми за подобрување, обуки од областа на БЗР, спроведување истраги на инциденти по случена повреда, како и на *near miss* инциденти, интерни и екстерни проверки е усогласен со законската регулатива, со применетите стандарди и со другите барања што се применети во организацијата.

# 2. Мерки за подобрување

Со цел континуирано подобрување на системот за безбедност и здравје при работа, Службата за општи работи постојано презема активности во насока на остварување на поставените цели за градење безбедна и здрава работна средина. Во продолжение се наведени само дел од низата мерки за подобрување на системот за БЗР во текот на 2021 година.

✓ Подобрување на процедурата за испитување физички, хемиски и биолошки штетности во работната средина

✓ Подобрување на процедурата за редовно испитување, прегледи и за контрола на средствата за работа

✓ Изработка на СОП за обука за безбедност и здравје при работа, за заштита од пожари и од експлозии, како и за заштита и спасување

✓ Подобрување на СОП за посетители

✓ Зголемување на бројот на пријавени near miss инциденти, со што се намалува можноста за повреди при работа

✓Започнување на иницијативата за добивање овластување за АЛКАЛОИД АД Скопје за вршење обуки за безбедност и здравје при работа и за изработка на сопствени програми за обука за безбедност и здравје при работа

✓ Започнување на иницијативата за обележување патеки за движење на виљушкари и на вработени, во согласност со методологија 5S

✓Започнување на иницијативата за целосна дигитализација преку софтверско решение за безбедност и здравје при работа

✓ Подобрување на процесот на интерна комуникација преку користење на ДМС-системот и преку пополнување обрасци во ДМС-системот, со што се намалува хартијата и се олеснува меѓусекторската комуникација

✓ Инсталација на софтвер за визуализација/графички приказ на конститутивните елементи на системите за откривање, јавување и за гаснење пожари.

# Животна средина

АЛКАЛОИД АД Скопје е корпоративно општествено одговорна компанија, која размислува глобално и која е посветена на општествените и на еколошките влијанија од нејзините активности врз луѓето и врз околината.

Преку нашето долгорочно размислување, фер и транспарентност, корпоративната одговорност, преку почитувањето на човековите права, заштитата на животната средина, циркуларната економија и преку долгорочната стратегија поставуваме и негуваме одржлива вредност при секој чекор на нашето работење.

Создавањето вредност за луѓето и за заедницата со цел живеење на подобар, полесен и на поздрав, исполнет живот е стратешка одржлива определба на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Заштитата на животната средина е еден од најголемите приоритети во деловната стратегија на АЛКАЛОИД АД Скопје. Компанијата континуирано ги следи и ги применува најновите достигнувања во оваа област, со што придонесува за поздрава и за почиста животна средина во која сите живееме. Како општествено одговорна компанија, АЛКАЛОИД АД Скопје го интегрира системот за управување со животната средина во интегрираниот систем на управување (IMS).

Една од нашите клучни вредности – Луѓето пред сè – ја градиме преку доверба, транспарентност и преку добра комуникација. Нашата вклученост во заедницата континуирано ја покажуваме преку секојдневното работење и преку многубројните проекти, затоа што силно веруваме дека наша одговорност е да ѝ враќаме на заедницата во која живееме и работиме!

Во прилог ги прикажуваме клучните елементи и подобрувањата на системот за управување со животната средина, набљудувањето на влијанијата и усогласеноста со законската регулатива и со другите барања и проекти за подобрување на перформансите на животната средина во текот на 2021 година, како и споредби со 2020 и со 2019 година.

# 1. Подобрувањата на системот за управување со животната средина

**▶ Интерни и екстерни проверки на системот за управување со животната средина ISO 14001:2015**

Во 2021 година реализирани се вкупно 5 интерни проверки, со кои се опфатени профитните центри, програмите и корпоративните служби, а проверени се сите барања на стандардот ISO 14001:2015. На графиконот бр. 1 прикажани се констатираните наоди (неусогласености и мерки за подобрување) во однос на животната средина за периодот од 2019 до 2021 г. при интерните проверки.




Графикон бр. 1 Наоди од интерната проверка 2019 – 2021 година

Екстерна проверка од Quality Austria е реализирана на 15.3.2021 г. При проверката не се констатирани неусогласености од областа на животната средина. Дадени се две мерки за подобрување од областа на животната средина. На графиконот бр. 2 се прикажани констатираните наоди (неусогласености и мерки за подобрување) во однос на животната средина за периодот од 2019 до 2021 г. при екстерни проверки.




Графикон бр. 2 Наоди од екстерната проверка 2019 – 2021 година

▶ **Подобрување на процесите за управување со животната средина во тековната година**

Процесот за постапување и за реагирање со аспекти врз животната средина при хаварии и при вонредни состојби

✓ Подобрување на процедурата и изработка на планови за реагирање и за постапување со аспекти и со влијанија врз животната средина при хаварии и при вонредни состојби

✓ Дефинирање клучен персонал за реагирање и за постапување

✓ Спроведена обука во согласност со процедурата на 304 раководни лица на ОЕ/служби и одговорни лица на процеси




Графикон бр. 3 Број на изработени планови за реагирање и за постапување

▶ **Промена во процесот на управување со аспекти врз животната средина**

✓ Подобрување на процедурата и нов СОП за изготвување на ЕМП

✓ Подобрување на методологијата за евалуација на аспектите

✓ Подобрување на еколошките мастер-планови и опфаќање на секој процес

✓ Целосна вклученост на инволвираните засегнати страни

✓ Спроведена обука во согласност со процедурата на 300 раководни лица на ОЕ/служби и одговорни лица на процеси

▶ **Подобрување на процесот на интерна комуникација (environmental communication) и интегрирање на сите засегнати служби/оддели**




Графикон бр. 4 Клучни податоци од областа на животната средина интегрирани со служби/оддели

▶ **Обука на вработените во АЛКАЛОИД АД од областа на заштитата на животната средина**

Обезбедување квалитет континуирано ја подобрува компетентноста на своите вработени и на вработените во АЛКАЛОИД АД Скопје, преку обезбедување стручни, екстерни обуки од различни области за своите вработени и преку реализација на интерни обуки за вработените во АЛКАЛОИД АД Скопје за различни области од работењето на Обезбедување квалитет.

На следните графикони е прикажана анализа на реализираните екстерни обуки на вработените во ОК Екологија на различни теми од животната средина и на спроведените интерни обуки на вработените на АЛКАЛОИД АД Скопје за различни теми од животната средина, како и бројот на обучени вработени.

▶ **Екстерни обуки на вработените во ОК Екологија**




Графикон бр. 6 Интерни и екстерни обуки на вработените од Обезбедување квалитет – Екологија

▶ **Интерни обуки во АЛКАЛОИД спроведени од вработените во ОК Екологија**




Графикон бр. 6 Број на вработени обучени преку интерни обуки одржани од Обезбедување квалитет – Екологија

# 2. Набљудувањето на влијанијата и усогласеноста со законската регулатива и со другите барања

Постојано ги следиме и ги контролираме технолошките процеси, со цел обезбедување заштита на животната средина преку намалување/спречување на влијанијата и преку зголемување на енергетската ефикасност. Континуирано ги идентификуваме, евалуираме и ги набљудуваме аспектите во воздух, вода, бучава, создавање отпад и во потрошувачка на природни ресурси и на енергенси. Процесите во АЛКАЛОИД АД Скопје, во согласност со мерењата на аспектите врз животната средина, се усогласени со законската регулатива, со барањата на меѓународните стандарди и со заинтересираните страни.

Ги следиме еколошките аспекти во воздухот (емисии на гасови) за да се минимизираат ефектот на стаклена градина и емисиите на CO2. За таа цел, компанијата премина на користење природен гас наместо мазут во производствените процеси на производствената локација во Автокоманда и во Ѓорче Петров.

Во следните анализи ги презентираме мерењата на аспектите и на влијанијата врз животната средина, разгледувајќи ги медиумите на воздух, емисиите во канализација, бучавата, создавањето отпад и потрошувачката на енергенси и на природни ресурси.

При анализата на емисиите во воздух обработени се податоци за емисиите на цврсти честички (прав) и на гасови од котларите на трите локалитети, како и за емисиите на цврсти честички (прав) од системите за отпрашување на трите локалитети.

**▶ Емисии во воздухот од котларата на локалитетот во Автокоманда**

Мерење на концентрацијата на цврсти честички (прав) и на гасови (O2, CO, CO2, NOx, SO2) од стационарни извор од котларата на локалитетите на АЛКАЛОИД АД Скопје се врши на квартално ниво од акредитираната овластена лабораторија „Технолаб“ ДОО Скопје.

На квартално ниво се доставуваат извештаи до Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Анализа на податоците од мерењето на емисиите од котларата во Автокоманда за 2021 г.**
















Графикони бр. 7 Емисии во воздухот (CO, NOx, SO2, цврсти честички прав) од котларата на локалитетот во Автокоманда (квартални мерења) за 2021 г.

**Анализа на податоците од мерењето на емисиите од котларата во Автокоманда споредени по години**




**2019-2021**

Графикони бр. 8 Емисии во воздухот (CO, NOx, SO2, цврсти честички прав) од котларата на локалитетот во Автокоманда (квартални мерења) за периодот од 2019 до 2021 г.

▶ **Емисии во воздухот од котларата на локалитетот во Ѓорче Петров (мерења на квартално ниво)**
**Анализа на податоците од мерењето на емисиите од котларата во Ѓорче Петров за 2021 г.**




Графикони бр. 9 Емисии во воздухот (CO, NOx, SO2, цврсти честички прав) од котларата на локалитетот во Ѓорче Петров (квартални мерења) за 2021 г.

**Анализа на податоците од мерењето на емисиите од котларата во Ѓорче Петров споредени по години 2019 – 2021**













Графикони бр. 10 Емисии во воздухот (CO, NOx, SO2, цврсти честички прав) од котларата на локалитетот во Ѓорче Петров (квартални мерења) за периодот од 2019 до 2021

**- Емисии во воздухот од котларата на локалитетот во Аеродром (мерења на квартално ниво)**
**Анализа на податоците од мерењето на емисиите од котларата во Аеродром за 2021 г.**












Графикони бр. 11 Емисии во воздухот (CO, NOx, SO2, цврсти честички прав) од котларата на локалитетот во Аеродром (квартални мерења) за 2021 г.

**Анализа на податоците од мерењето на емисиите од котларата во Автокоманда споредени по години 2019 – 2021**












Графикони бр. 12 Емисии во воздухот (CO, NOx, SO2, цврсти честички прав) од котларата на локалитетот во Аеродром (квартални мерења) за периодот од 2019 до 2021 г.

**▶ Емисии во воздухот од системите за отпрашување, ПЦ Фармација, локалитет Автокоманда**

Системот за отпрашување се состои од колектор за прав со Ultra-Web филтер и со HEPA-филтер. Овие филтер-елементи овозможуваат враќање на чистиот воздух во околината со ефикасност од 99,999 %.

Мерење на концентрацијата на цврсти честички (прав) во воздухот од испустите на системите за отпрашување се врши на квартално ниво од акредитираната овластена лабораторија „Технолаб“ ДОО Скопје.

На квартално ниво се доставуваат извештаи до Министерството за животна средина и просторно планирање.







Графикони бр. 13 Емисии во воздухот на цврсти честички прав од системите за опрашување на локалитетот во Автокоманда (квартални мерења) за 2021 и за споредбениот период од 2019 до 2021 г.

▶ **Емисии во воздухот од системите за опрашување, ПЦ Фармација, локалитет Ѓорче Петров**







Графикони бр. 14 Емисии во воздухот на цврсти честички прав од системите за опрашување на локалитетот во Ѓорче Петров (квартални мерења) за 2021 г. и за споредбениот период од 2019 до 2021 г.

▶ **Емисии во воздухот од системите за опрашување на локалитетот во Аеродром**







Графикони бр. 15 Емисии во воздухот на цврсти честички прав од системите за опрашување на локалитетот во Аеродром (квартални мерења) за 2021 и за споредбениот период од 2019 до 2021 г

▶ **Емисии од отпадната вода во канализација**

Отпадната вода од производството се генерира при чистење на опремата за производство. Во согласност со технологијата на работа, чистење на опремата се врши во согласност со дефинираните валидирани рецептури со големи количини на вода.

Емисијата од отпадните води во канализација се мери на месечно ниво од овластената акредитирана лабораторија „Фармахем“ ДООЕЛ Скопје.



















Графикони бр. 16 Емисии од отпадната вода во канализација на локалитетот во Автокоманда (месечни мерења) за 2021 г. и за споредбениот период 2020 – 2021 г.

**Локалитет Ѓорче Петров, анализа на податоците од мерењето на емисиите во канализација за 2021 г. и споредбено за 2020-2021 г.**

На локалитетот во Ѓорче Петров лоцирани се повеќе различни производства и во согласност со нив воспоставено е набљудување на секој испуст од производствата и на испуст по производство на цефалоспорини, производство на фармацевтски суровини и производство од програмата хемија (Паршалов прелив).

Емисијата од отпадните води во канализација се мери на месечно ниво од овластената акредитирана лабораторија „Фармахем“ ДООЕЛ Скопје.

**Производство на цефалоспорини и анализа на податоците од мерењето на емисиите во канализација за 2021 и споредбено за 2020 – 2021**



















Графикони бр. 17 Емисии од отпадната вода во канализација во производство на цефалоспорини, локалитет Ѓорче Петров (месечни мерења), за 2021 и за споредбениот период 2020 – 2021

**Производство на фармацевтски суровини – анализа на податоците од мерењето на емисиите во канализација за 2021 и споредбено за 2020 – 2021**



















Графикони бр. 18 Емисии од отпадната вода во канализација, производство на фармацевтски суровини, локалитет Ѓорче Петров (месечни мерења), за 2021 и за споредбениот период 2020 – 2021

**Производство од програмата хемија – Паршалов прелив, анализа на податоците од мерењето на емисиите во канализација за 2021 и споредбено за 2020 – 2021**



















Графикони бр. 19 Емисии од отпадната вода во канализација во производството од програмата хемија – Паршалов прелив, локалитет Ѓорче Петров (месечни мерења), за 2021 и за споредбениот период 2020 – 2021

**Локалитет Аеродром – Производство Билка, анализа на податоците од мерењето на емисиите во канализација за 2021 и споредбено за 2020-2021**

Отпадната вода од производството се генерира при чистењето на опремата за производство.
Емисијата од отпадните води во канализација се мери на месечно ниво.

**Производство од програмата Билка, анализа на податоците од мерењето на емисиите во канализација за 2021 и споредбено за 2020 – 2021**



















Графикони бр. 20 Емисии од отпадната вода во канализација во производството од програмата Билка, локалитет Аеродром (месечни мерења), за 2021 и за споредбениот период 2020 – 2021

**▶ Управување со бучава**

Бучавата како емисија во животната средина се создава од работата на производствената опрема во производството и од помошната опрема поставена надвор од производствените објекти. Набљудувањето на бучавата на производствените локалитети се следи на квартално ниво од овластената акредитирана лабораторија „Технолаб“ ДОО Скопје.

**Локалитет Автокоманда, анализа на податоците од мерењето на емисиите на бучава за 2021 г. и споредбено за 2020 – 2021**













Графикон бр. 21 Мерења бучава (звучен притисок Ld и LAmax), ПЦ Фармација, локалитет Автокоманда, за 2021 и за споредбениот период од 2019 до 2021

**Локалитет Ѓорче Петров, анализа на податоците од мерењето на емисиите на бучава за 2021 г. и споредбено за 2020 – 2021**













Графикон бр. 22 Мерења бучава (звучен притисок Ld и LAmax), локалитет Ѓорче Петров, за 2021 и за споредбениот период од 2019 до 2021 г.

**Локалитет Аеродром – анализа на податоците од мерењето на емисиите на бучава за 2021 и споредбено за 2020 – 2021**













Графикон бр. 23 Мерења бучава (звучен притисок Ld и LAmax), локалитет Аеродром, за 2021 и за споредбениот период од 2019 до 2021 г.

**▶ Управување со отпад**

Отпадот што се создава од работните активности во АЛКАЛОИД АД Скопје се селектира, соодветно се означува, моментално се складира во рамките на локалитетите и им се предава на рециклирање или на депонирање на овластените организации од Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Количини на создаден отпад по локалитети и по ПЦ/програма за 2021 г.**
**- Неопасен отпад**




Графикон бр. 24 Создаден неопасен отпад – локалитет Автокоманда 2021 г.




Графикон бр. 25 Создаден неопасен отпад, ПЦ Фармација, локалитет Ѓорче Петров 2021 г.




Графикон бр. 26 Создаден неопасен отпад, програма Хемија, локалитет Ѓорче Петров 2021 г.




Графикон бр. 27 Создаден неопасен отпад, програма Козметика, локалитет Ѓорче Петров 2021 г.




Графикон бр. 28 Создаден неопасен отпад, програма Билка, локалитет Аеродром 2021

**- Опасен отпад**




Графикон бр. 28 Создаден опасен отпад – ПЦ Фармација – 2021 г.




Графикон бр. 29 Создаден опасен отпад – ПЦ ХКБ – 2021

- Споредба на вкупните количини на создаден отпад (2019 – 2021)




Количината на вкупно создадениот отпад во 2021 г. е намалена во однос на 2020 година, што се должи на зголемените градежни активности во претходната година. Од 768,08 тона создаден отпад, 644,013 тона се предадени на овластени организации на рециклирање, односно 83,8 % од вкупно создадениот отпад е предаден на рециклирање.

**▶ Усогласеност со законската регулатива**

Воспоставениот систем за животна средина, преку своите клучни елементи: управување со аспектите на животната средина, цели и програми за подобрување, обуки од областа на животната средина, промени од областите на животната средина, реагирање при еколошки инциденти, набљудување и мерења влијанија врз животната средина, како и интерни и екстерни проверки на системот, е усогласен со законската регулатива, со применетите стандарди и со другите барања што ги прифатила организацијата.

# 3. Проекти за подобрување на перформансите на животната средина

**▶ Интегрирани еколошки дозволи 2021 г.**

На 1.4.2021 година е доставено барање за добивање А-интегрирана еколошка дозвола за ПЦ Фармација, локалитет Автокоманда; за ПЦ Фармација, локалитет Ѓорче Петров, и за ПЦ ХКБ, програма Хемија, локалитет Ѓорче Петров.

Во текот на 2021 г. е реализиран увид на самото место од претставници на Министерството за животна средина и просторно планирање, со добивање позитивни наоди од посетите, во согласност со предадената документација.

На 27.12.2021 г. е добиено решение за издавање А-интегрирана еколошка дозвола за АЛКАЛОИД АД Скопје, Профитен центар Фармација, локација Автокоманда, бул. „Александар Македонски“ бр. 12, 1000 Скопје.

На 30.12.2021 г. е добиено решение за издавање А-интегрирана еколошка дозвола за АЛКАЛОИД АД Скопје, Профитен центар Фармација, локација Ѓорче Петров, бул. „Партизански одреди“ бр. 98А, 1000 Скопје.

На 27 јануари е добиено решение за издавање А-интегрирана еколошка дозвола за АЛКАЛОИД АД Скопје, Профитен центар ХКБ – програма Хемија, локација Ѓорче Петров, бул. „Партизански одреди“ бр. 98А, 1000 Скопје.







**▶ Замена на постојните 4 опрашувачи за производство на цврсти форми – намалување емисии на бучава и емисии во воздухот**

Постојните 4 опрашувачи за производство на цврсти форми се променети. Преку споредбена анализа на емисиите во воздухот и на бучавата, каде што очекуваме намалување, ќе ги следиме во следните два квартали во 2022 г., при што ќе можеме да дадеме проценти за намалување на емисијата во воздухот, како и за намалување на емисијата на бучава.

**▶ Намалување на количината на депониран отпад (пресметан како однос од вкупната количина на создаден отпад) за 5 %.**

Во текот на целата година се преземаат многу активности, контроли, увиди и обуки за најдобри практики за управување со отпадот. Сите овие активности се со цел подобро селектирање, сортирање и зголемување на количината на отпад која ќе ја предадеме за рециклирање на овластени компании за преземање отпад.

Во текот на 2021 година создадени се вкупно 768,08 тони отпад. Од вкупниот создаден отпад, 644,013 тони се предадени на рециклирање, односно 83,8 % од вкупно создадениот отпад.

За 2021 година си поставивме таргет 5 % намалување на количината на депониран отпад, т. е. зголемување рециклиран отпад. Во 2021 година се реализирани 83,8 % рециклиран отпад во однос на вкупниот, во однос на 2020 година во која имавме 76,44 % рециклиран отпад во однос на вкупниот отпад. Споредбените анализи меѓу 2020 и 2021 ни покажуваат намалување на количината на депониран отпад за 7,36 %.

# Бизнис-опкружување и иден развој

# Фармација

## Нашето деловно опкружување се менува

Иако 2021 беше уште една година под влијание на КОВИД 19, АЛКАЛОИД успеа да се приспособи на новото нормално и да ја потврди својата издржливост. Покрај очигледните затворања, имавме и други неизвесности, вклучувајќи и доцнење и прекини во набавките, поскапување на суровините и на енергенсите, неможност нормално да се промовираат нашите производи во текот на целата година итн.

Сепак, АЛКАЛОИД покажа флексибилност во своето работење и приспособливост кон новите околности, успешно избегна поголеми недостатоци во набавките и ги максимизираше своите инвестиции во етички маркетинг и продажба на териториите каде што, со оглед на околностите во 2021 година, беше можен раст. Можеби најголемата промена во нашето деловно опкружување е пазарот на труд. За повеќето компании потрагата по талентиран кадар е најголемиот предизвик. По затворањето миграциите повторно започнаа. Развиена Европа е во постојана потрага по талентиран кадар, а ние се соочуваме со постојаниот предизвик да го задржиме персоналот да не мигрира. Свесни сме дека нашите експерти се цел на повеќето европски фармацевтски бизниси и дека ни е потребен дополнителен фокус за да ги задржиме кај себе.

## Нашиот иден развој

Според нашата стратегија, АЛКАЛОИД е независна компанија на генеричкиот фармацевтски пазар. Покрај намалување на празнините во портфолиото во тековниот генерички бизнис, нашите идни планови опфаќаат и проширување на нашето генеричко портфолио во области во кои во моментов не сме присутни, но и долгорочни инвестиции во нашите брендови на суплементи и на ОТЦ-производи. Покрај вообичаените генерички производи, АЛКАЛОИД инвестира и во развој на лекови со додадена вредност (Added Value Medicines – AVM), кои ќе бидат основа за идно брзо глобално присуство со наши уникатни и патентирани производи.

АЛКАЛОИД ќе продолжи да го шири своето пазарно и продажно покривање со ширење на териториите на кои имаме подружници, каде што директно ќе ги промовираме своите производи. Ова е можно поради нашето интерно познавање на пристапот до пазарите, способноста да влеземе на нови генерички пазари и да заземеме пазарен удел, иако во минатото, традиционално, не сме биле присутни на тие пазари. Покрај директната продажба на пазарите, која ќе продолжи да има најголем удел во приходите, АЛКАЛОИД ќе продолжи да биде претпочитан партнер во нашите бизнис-со-бизнис активности, преку лиценцирање наши производи и нивна продажба на водечките генерички компании во светот.

Досега растот на АЛКАЛОИД беше чисто органски. Бидејќи се планира да се навлезе во нови деловни сегменти, не се исклучува можноста, иако тоа не е суштински дел од развојната стратегија, настапот во нови деловни сегменти и на нови пазари да се реализира преку преземања на постојни портфолија/бизниси. Компанијата при реализација на своите стратешки цели ќе се труди да ги искористи сите алатки што се на нејзино располагање.

Редовно воведуваме нови производи и ја одржуваме нивната конкурентност во над 40 земји. Преку употреба на напредни аналитички и технолошки решенија, Институтот за истражување и развој интерно развива 40 производи што ги исполнуваат најстрогите услови за квалитет, безбедност и за ефикасност. Квалитетот е вграден почнувајќи од суровините, преку готовите производи во лабораториски серии, кои потоа во производствените капацитети се префрлаат во индустриски серии. Го зголемуваме производствениот капацитет за да ги оптимизираме големината на сериите и производствените трошоци, но, исто така, и за да ги испорачуваме најсоодветните проекти во поглед на техники и технологии со воведување нови фармацевтски форми.

## Истражување и развој

Во последните пет години многу е инвестирано во знаење за да ги унапредиме нашите процеси на истражување и развој, работните процеси и управувањето со проекти. Го зголемивме капацитетот за да можеме да се справиме со сложени проекти од перспектива на интелектуалната сопственост. За да бидат конкурентни на пазарот, сите генерички компании се стремат да имаат побрза стратегија за излез на пазарот; да имаат колку што е можно повеќе производи успешно развиени во прв обид; производите да ги воведуваат веднаш по истекот на пазарната ексклузивност итн. Користиме многу надворешни капацитети за да го изградиме својот внатрешен капацитет, за подобро да се справиме со гореспоменатите предизвици на индустријата.

Сепак, никогаш не смееме да заборавиме дека целта на генеричките лекови е секој нов генерички лек да биде развиен и испорачан како терапевтски еквивалент на оригинаторот, преку соодветно развиени фармакокинетички студии, со главна цел да се докаже еквивалентноста со оригинаторот и, конечно, на пазарот да се испорача нов производ со веќе докажан профил на ефикасност и на безбедност. Нашите процеси содржат сеопфатни и сложени технолошки, аналитички, фармакокинетски и биоеквивалентни студии и постапки за производство на нови генерички лекови. Користиме најмодерна опрема за да ги испорачаме и најсложените проекти во поглед на технологии и на нови фармацевтски форми, како на пример ородисперзилни таблети.

Сите студии спонзорирани и спроведени од АЛКАЛОИД во 2021 година беа спроведени со поддршка на познати и на квалификувани договорни истражувачки организации и добавувачи, распространети низ сиот свет, во согласност со важечките законски услови и со меѓународните стандарди за квалитет.

Во текот на фармацевтскиот развој Истражување и развој користи интерни методи за контрола на квалитетот на производите во текот на производствениот процес, користејќи најсовремени инструменти и техники за анализа на физичките и на хемиските својства на активните фармацевтски состојки и на готовите производи. Минатата година постојано ги надградувавме нашите ресурси со врвни аналитички инструменти, за да обезбедиме квалитет на лековите во текот на сиот нивни рок на употреба, во согласност со најновите и најстроги регулаторни услови.

Нашите операции и инвестиции во истражување и развој растат во согласност со корпоративната стратегија. Ние сега инвестираме во лекови со додадена вредност и имаме посветени тимови, кои, покрај на развојот на вообичаените генерации, работат и на генеричките лекови со додадена вредност.
Работиме на наши сопствени решенија за истражување и развој за да развиваме нови производи и нив ги користиме за да ги надминеме патентните пречки. Во меѓувреме поднесовме 3 сопствени меѓународни апликации за патенти за да обезбедиме заштита на новите производи.

Имаме 20 нови вработени кои се придружија во едно опкружување во кое над 150 експерти од материјата работат на истражување и развој, што е фундаментален дел на генеричкиот бизнис. Нашите високо квалификувани експерти се нашиот највреден имот за остварување развој на нови производи. Земајќи го ова предвид, се дава поддршка и се финансираат различни типови на напредно образование во научни институции во земјата и во странство, со што ги зајакнуваме техничките и научните квалификации на нашите вработени.




Во моментов интерно развиваме 40 производи, а на истражување и развој работат повеќе од 100 експерти.

Поради опкружувањето во кое живееме и поради потребата да се поддржи нашиот образовен систем, за да може да дава што е можно подобри идни студенти, во 2021 година АЛКАЛОИД ја формираше првата делумно дуална образовна програма за фармацевтски техничари во фармацевтската индустрија и учествуваше во основањето на првиот центар за обука наменет за дуално образование и едукација на новите вработени во компанијата. Нашето истражување и развој е целосно вклучено во идните перспективи на нашата компанија и на нашето општество.

Како додадена вредност на развојните активности, научниците од Истражување и развој кои работат на нови развојни проекти во 2021 година објавија и три оригинални научни трудови во висококвалитетни, меѓународни, научни списанија, рецензирани од колеги.

# Хемија, козметика, билка

Во Профитниот центар Хемија, козметика и билка 2021 година, исто така, беше обележана со постојани предизвици во синџирот на снабдување и во природата на работењето и со продолжување на перспективата за раст, од аспект на зголемување на производствените капацитети и на таргетирање нови пазари.

Со отворање на новото, најсовремено одделение за производство на влажни марамчиња, производството на марамчиња за лична нега и за нега на бебињата целосно го префрливме во сопствените капацитети. Со тоа не само што го зголемивме производствениот капацитет за сопствените производи туку планираме да бидеме и претпочитан партнер за производство на ваков тип производи во поширокиот регион и да обезбедуваме готови решенија во поглед на истражувањето и развојот и на производството.

Отворањето нови пазари за производи за лична нега отсекогаш било дел од постојаните напори за зголемување на продажбата и на опфатот на нашите производи, па во текот на годината ја завршивме првата испорака на стоки и пласман на производи за нега на бебиња на пазарот во Кралството Саудиска Арабија. Ова одбележува нова ера за производите за лична нега „Бекутан“ со ширење на покриеноста кон Блискиот Исток и кон Северна Африка (MENA), особено во земјите од заливскиот регион (GCC).

Во делот на работењето со хемиски производи, започнавме активности за изградба на нов објект за производство и за складирање раствори за хемодијализа. Како еден од најголемите производители на течности за хемодијализа во поширокиот регион, одлучивме да го зголемиме капацитетот за производство на овој тип производи, за да ги задоволиме потребите на пазарот, во согласност со најновата директива на ЕУ за медицински уреди. Очекуваме активностите од овој проект да завршат во текот на првата половина на 2022 година.

Во текот на 2021 година, исто така, започнавме и активности за изградба и за опремување нова микробиолошка лабораторија за потребите на интерното тестирање на производите од Профитниот центар Хемија, козметика и билка. Со ова дополнително ќе се зголеми нашиот интерен капацитет за контрола на квалитетот и за тестирање во сите области, со што ќе се стави уште поголем акцент врз одличниот квалитет на производите што ги произведува и што ги пласира АЛКАЛОИД АД Скопје.

Годинава, исто така, ја обележа и порастот на продажбата на нашиот бренд на чаеви Good Nature на пазарот во САД, преку традиционални и преку интернет-канали на дистрибуција. Портфолиото на чаеви Good Nature се прошири и со нови производи, како во органскиот така и во конвенционалниот сектор. Производството на други приватни трговски марки на чаеви продолжи и се прошири и со нови производи.

# Снабдување

Во 2020 и во 2021 година ефектите на кризата од КОВИД 19 ги почувствувавме во форма на небалансирана потреба од одредени репроматеријали, затворање граници и усложнување на транспортните коридори, драстично поскапување на цените на суровините и на енергенсите на светските берзи итн. Службата за снабдување со тимски напори на постојниот кадар, приспособување и со мобилизација на сите расположливи ресури успеа поголем дел од нив успешно да ги амортизира. Долгогодишните здрави бизнис-релации засновани на огромна меѓусебна доверба, етика и фер-плеј на АЛКАЛОИД со своите бизнис-партнери во земјава и во светот беа основата врз која за време на кризниот период обезбедивме непречено одвивање на логистичките процеси, без значајни нарушувања на производствениот процес.

Брзата реакција и приспособувањето на новонастанатата ситуација се должат и на огромното искуство на кадарот со кој располага АЛКАЛОИД АД. Се оптимизираа интерните процеси преку автоматизација на дел од тие процеси и преку подобрување и поедноставување на комуникацијата и на брзината на споделувањето на информациите. Некаде кон крајот на 2020 година се почувствува стабилизирање на пазарите од аспект на појасна слика за очекувањата, како и пореални предвидувања за периодот што следуваше. Во периодот што ѝ претходеше на кризата се презедоа акции за изнаоѓање алтернативни добавувачи и суровини од различни локации во светот, што, исто така, ѝ беше од корист на компанијата за време на кризата.

Во годината што измина, во четирите погонски целини и во нивните магацини беа извршени приближно 17.000 приеми на репроматеријали од сите типови и групи на материјали или нешто помалку од 600 мил. единици производ.

# Инвестиции

Во 2021 година, како период на голема непредвидливост и неизвесност, кој со себе носи континуирани ризици за човековото здравје и за социјалната стабилност, од една страна, наспроти економската виталност и одржливост, од друга страна, АЛКАЛОИД продолжи истрајно и храбро да инвестира и да реализира.

Во вртлогот на ризици наметнати од пандемијата на КОВИД 19 и од економското заздравување, континуриано инвестиравме во капитални проекти и во инженерски решенија, нови производствени погони, во унапредување на технолошките процеси, нови работни простории, во подобрување на работните услови за вработените итн. Гордо бранејќи го статусот на општествено одговорна компанија, и натаму придонесувавме за поздрава и за почиста животна средина, осврнувајќи се на аспектите на намалување на потрошувачката на природни ресурси и енергенси, производство на електрична енергија за сопствени потреби и на намалување на бучавата, како и посветувајќи им сериозно внимание на енергетската ефикасност, енергетскиот наздор и на енергетската поддршка, како главни компоненти на енергетскиот менаџмент.

Во годината обележана од надежта дека КОВИД 19 ќе се стави под контрола и година кога дојдоа до израз негативните страни на совршено димензионираните синџири на снабдување и на дистрибутивното производство, АЛКАЛОИД се фокусираше на диверзификација на инвестициите во сите сфери на производственото портфолио.

**Унапредување на технолошките процеси, нови производствени погони, лаборатории и магацински простори**

За да се следи темпото на раст и на развој на компанијата, во делот на производството на фармацевтски препарати реализиран е сет од инвестициски активности во вредност од 900.000 ЕУР. Изграден е нов објект во кој се обезбедени содржини за магацинско и за административно работење, со површина од 500 m2. На тој начин е ослободен простор за проширување на аналитичката лабораторија во Институтот за истражување и развој и за набавка на нова лабораториска опрема. За потребите на лабораторијата за технолошки развој, за да се создадат технолошки услови за спроведување анализи и за испитувања на нови производи, изведени се нови термотехнички и електрични инсталации, со кои се овозможува регулација и контрола на параметрите на релативна влажност.

Во сегментот фармација, со цел обезбедување услови за иден фармацевтски развој, реализирана е инвестиција во вредност од 230.000 ЕУР. Станува збор за оформување чисти простории и набавка на опрема за точно и за ажурно уситнување на суровините, пред да влезат во процесот на производство, во согласност со мастер-формулата за секој производ.

Еден од водечките проекти кои ја обележаа 2021 година е пуштањето во употреба на погонот за производство на влажни марамчиња. Влажните марамчиња „Бекутан“ се производ од портфолиото на брендот, за првпат воведени на пазарот во 2006 година. Произведени според оригиналната рецептура развиена од фармацевтските експерти на „Алкалоид“, влажните марамчиња 15 години се произведуваа во странство, сè до отворањето на новиот производствен капацитет на АЛКАЛОИД, лоциран во погонот на „Лафома“ во општина Ѓорче Петров во Скопје.

Процесот на производство започнува со прочистување на водата, па продолжува со приготвување емулзија, навлажнување, сечење и со пакување на марамчињата во фолија, а завршува со роботизирано пакување во кутии. Сопствената формулација за лосионот што се користи во марамчињата се подготвува во специјални мешалки со капацитет од 12.000 литри за осум часа. Опремата може да го детектира секое влажно марамче кое не им одговара на пропишаните стандарди и автоматски да го отстрани. Со процесот се обезбедува постојан квалитет на производот и негово континуирано следење.

Во овој производствен погон АЛКАЛОИД инвестираше 4 милиони евра. Процесот се состоеше од приспособување на производствениот и на складишниот простор со вкупна површина од 3.200 м2, во кој е сместена целосно автоматизираната и роботизирана опрема. Овој нов погон има годишен производствен капацитет од 50 милиони парчиња спакуван производ, изработени во согласност со строгите нормативи за добра производствена пракса и со европската регулатива за козметички производи.

Дополнително, во рамките на овој проект, со цел подобрување на производствените услови и за другите производи од производствениот асортиман козметика, беше извршена целосна реконструкција на системот HVAC во целиот објект за козметика, во вредност од 100.000 ЕУР.

Во циклусот инвестиции на локалитет Ѓорче Петров значајна улога има и започнувањето на проектот за производство на концентрати за хемодијализа, со магацински дел. Станува збор за целосна реконструкција и за приспособување на постоен простор со основна површина од 3.000 m2 и за набавка на нова опрема за производство и за пакување, како и на придружна процесна опрема. Основата цел е обезбедување соодветен простор за одвивање на производството и за пакување концентрати за хемодијализа, во согласност со насоките за добра производствена пракса, притоа обезбедувајќи микробиолошки чисти производи.

Континуираното зголемување на производствените капацитети неминовно ја наметнува потребата од соодветни придружни содржини. Во 2021 година започна фазната реализација на проектот „Складишта – фармација“, со производствен дел, логистика и со оперативна администрација. Во првата фаза од проектот во вредност од 800.000 ЕУР ќе се обезбеди простор од 1.200 m2 за магацинот за суровини и за репроматеријали за фармација, од кои половината ќе бидат ладилни комори со специјални услови за чување.

Покрај наведените проекти, во текот на 2021 година беа спроведени голем број интервенции од помал обем, во насока на обезбедување нови призводствени и работни простории, како и подобрување на постојните работни услови.

Во Производство – Фармација, во текот на 2021 година, инвестирано е во нови машини и во опрема во постојните производствени одделенија, како и во новопроектираното одделение Производство – цврсти форми 2.

- Инсталирана е нова, втора линија за дозирање течности за орална употреба, со волумени од 10 до 1000 мл, во стаклена и во ПЕТ-амбалажа, во вредност од 1.950.000 ЕУР.
- Во Производство – цврсти форми 1 инсталирана е четврта машина за таблетирање од типот FETTE 2090, во вредност од 599.000 ЕУР.
- Во јуни 2021 година нарачана е нова линија за стрип-пакување на таблетите „Кафетин“ и „Парацетамол“ за новото одделение Пакување 2, во вредност од 1.890.000 ЕУР
- Во рамките на проектот за новото одделение Производство – цврсти форми 2, нарачани се две линии за влажна гранулација од GEA: едната PMA/MP5 Classic со волумен од 600 литри – двојно поголема од постојните во Цврсти форми 1 – како и втора линија Pharma Connect plus од 60 литри за производство на пилот-серии и за трансфер на технологии од лабораторија во производство. Двете линии се со вредност од 3.555.000 ЕУР.
- Новото одделение Цврсти форми 2 е проектирано за производство на високоволуменски серии, па соодветно на тоа е нарачана и опрема за филм-обложување таблети Glatt GCS 350 Pan Coater, во вредност од 1.022.222 ЕУР.
- Во тек се и активностите за другата опрема предвидена со проектот за Цврсти форми 2: машини за таблетирање, меѓу нив и една за производство на двослојни таблети, мешалки за гранулати и за суво мешање, опрема за сува гранулација, линија за миење и за сушење, буриња и делови од опрема, како и поситна помошна опрема.

**Инвестиции во просторот на образованието, едукацијата и на практикантството, како дел од компаниското начело „Луѓето пред сè“,**

Инвестирањето во човековиот потенцијал има огромно значење за растот и за развојот на АЛКАЛОИД АД Скопје. Крајот на оваа успешна година беше одбележан со пуштањето во употреба на сопствен центар за едукација и за обуки, на површина од 1.000 m2. Во рамките на едукативниот центар се наоѓа тренинг-лабораторија, која опфаќа централна лабораторија, просторија за обработка на податоци, посебни простории за прецизни ваги и за ултразвучни бањи, две предавални и други помошни простории, со кои се обезбедува технолошка целина за нормално работење на околу 50 лица. Со оваа инвестиција во вредност од 1 милион евра, АЛКАЛОИД ги потврдува својата определбата и компаниското начело „Луѓето пред сè“.

Покрај пуштањето во употреба на новиот центар за едукација и за обуки на локалитетот во Ѓорче Петров, АЛКАЛОИД во изминатата година инвестираше 300.000 ЕУР во изведба на заштита и на стабилизација на нестабилна земјана маса, косина зад постојниот Едукативен центар во Дојран. На овој проект оствари соработка со реномирани стручни институции, спроведувајќи специфичен инженерски потфат на развиена површина од 550 m2. Со тоа го продолжува позитивниот тренд на континуирана грижа за вработените, стручните соработници и за консултантите, како и на едукација на лекари и на фармацевти од земјата и од странство, обезбедувајќи безбеден простор за обуки, а воедно инвестирајќи и во сопственото добро и во доброто за околината.

**Изработка на проектна документација и инженерско планирање**

Во годината што измина, покрај изградбата на споменатите објекти, како подготовка за новиот инвестициски циклус АЛКАЛОИД инвестираше и во изработка на капитални проектни решенија.

Врз основа на идеен проект, изработен од инженерскиот тим од АЛКАЛОИД, во соработка со домашна проектантска куќа, се изработија проекти за изведба на нов објект за централни гардероби, решение со кое ќе се обезбедат повеќе од 900 гардеробни места за вработените во делот Производство – Фармација. Централните гардероби ја претставуваат првата алка во синџирот на производствените услови ГМП. Првиот чекор при влез во производствените погони започнува во централните гардероби.

Како проект од исклучителна важност, кој се издвојува во низата проекти во насока на зголемување на производствените капацитети, а во кој беа вложени многу труд и време, е проектот за оформување ново одделение за производство на цврсти форми и на фармацевтски препарати, со приближна површина од 2.000 m2. На него работи инженерскиот тим на АЛКАЛОИД во соработка со странски проектантски партнер.

Со сопствени ресурси беше изработен целосен проект за реконструкција на микробиолошката лабораторија за сегментот хемија.

**Животна средина, енергија и енергетска ефикасност**

Едни од најголемите приоритети во деловната стратегија на компанијата се енергетската ефикасност и грижата за животната средина. Континуираната грижа за енергијата како фундаментален аспект во секој процес, проект, производ, капацитет резултираше со повеќе значајни инвестициски и оперативни мерки, кои беа спроведени во 2021 година.

- Пуштена е во употреба фотоволтаична електрана со инсталиран капацитет од 340 kW, инвестиција во вредност од 165.000 ЕУР.
- Извршена е замена на опремата со која се филтрира воздухот од производствените линии, инвестиција во вредност од 100.000 ЕУР.
- Инвестирани се 20.000 ЕУР во надзорен систем на водоводните системи, кој опфаќа 9 мерни места на трите производствени локалитети.

**Автентичност и традиција**

АЛКАЛОИД АД е компанија која постои 85 години. Нашето минато и традицијата се темелот на кој стоиме и чекориме во иднината. Изминатата година беше реализирана инвестиција од 60.000 ЕУР за санација на еден од најстарите објекти на локалитетот – фабричкиот оџак, кој сведочи за почетоците, растот и за развојот на компанијата. При реализацијата на овој проект најголем предизвик беше да се зачува стабилноста и безбедноста на објектот, а притоа да се внимава на автентичноста и да се нагласат архитектонските детали во целокупното индустриско сценарио.

Инвестирањето во нови производствени капацитети и во современа опрема, изработката на квалитетни проекти, грижата за животната средина и енергетската ефикасност остануваат примарна стратешка определба на АЛКАЛОИД АД и во периодот што следува.

# Транспорт

Предизвиците во синџирот на снабдување се засилија во текот на 2021 година и во сегментот транспорт. Најавите за пораст на цените на горивата постепено се реализираа во текот на 2021 година, а сето тоа резултираше и со пораст на трошоците и цените за транспорт. Дополнително, предизвик претставуваа и најавите за подолги рокови за испорака од добавувачите, а пролонгирањата на роковите за испорака беа честа појава. Секако, имаше и доцнења на испораки, промени во транспортните коридори и сл. Сите овие предизвици бараа вложување значително зголемен напор и посветеност за оптимизирање на ризиците, што резултираше со нивно успешно пресретнување и со избегнување на какви било поголеми ефекти врз тековното оперативно работење.

За потребите од увоз и од извоз на материјалите ангажирани беа 11.100 возила од различни транспортни типови, од кои 54 % од сите користени возила за таа цел се возила во сопственост на АЛКАЛОИД АД Скопје, со минимални 3 % неискористени волумени/капацитети.

# Енергетски менаџмент

**Енергетскиот менаџмент** е основата на менаџментот на ризик, на менаџментот на континуитет во работењето, на еколошкиот менаџмент и натаму, сè до севкупниот бизнис-менаџмент, до бизнис-ефикасноста и до нејзината одржливост – одржливиот развој. Главните компоненти на енергетскиот менаџмент се: 1. енергетската (и друга ресурсна) ефикасност, 2. енергетскиот надзор (надгледност) и 3. енергетската поддршка.

## 1. Енергетска ефикасност

Во АЛКАЛОИД АД ѝ се посветува големо внимание на енергетската (и друга ресурсна) ефикасност, преку намалување на потрошувачката на енергенси и на ресурси, <u>со поставување цел за намалување на специфичната потрошувачка на енергија и на вода по маса од производ, со таргет од минимум 1 % во 2021 г. во однос на 2020 г., како една од најважните компаниски, стратегиски цели</u>. Намалувањето се базира на повеќе инвестициски и оперативни мерки.

• Во **оперативни мерки** реализирани во 2021 г. спаѓаат:

■ Употреба на енергетски ефикасни филтри за клима-комори на тефлонска наместо на стаклена основа во антибиотици на локалитетот во Ѓ. Петров, како пилот-проект за сите други клима-комори. Со употребата на овие филтри, за зголемена цена за нив од околу 20 %, се добива:

1. Намалување на потрошувачката на електрична енергија на клима-коморите од околу 20 %, односно околу 4 % од вкупната потрошувачка на електрична енергија на производствените локалитети, што одговара на годишни заштеди од 600 MWh, односно 48.000 евра и на намалување на емисијата на стакленички гасови во износ од 600 тона еквиваленти $CO_2$ (со потенцијална вредност од 30.000 евра), според цените на електричната енергија и на емисиите на стакленички гасови од 2021 година, кои за 2022 г. може да бидат и двојно поголеми.
2. Зголемено времетраење меѓу измените на грубите, фините и на хепафилтрите кај клима-коморите за околу 20 %, со што, практично, годишните трошоци на филтри остануваат исти, односно трошоците дополнително се намалуваат поради намалување на потребата од работни часови за измена, за користење простор за складирање резервни филтри итн.
3. Заради поголемата надежност на тефлонските (PTFE) филтри во однос на оние со стаклена (SiO2) основа, зголемена е сигурноста од пробив-распаѓање на филтрите и од оштетување, загадување на следните филтерски секции, односно во случај на терминални, како хепафилтри, зголемена сигурност на чистотата на просториите, производите и на персоналот.

■ Програма за преглед на работата на кондензните лончиња.

■ Употреба на климатизери кои вообичаено се користат само во летниот период за ладење на просториите во текот на грејната сезона, самостојно или паралелно со греење на пареа. На овој начин секој климатизер употребен така заштедува во просек топлинска енергија еквивалентна на 2/3 од неговиот топлински капацитет, односно просечни 2,5 kW. Само на локалитетот Аеродром на овој начин се заштедува нафта која се користи за парно греење во годишен износ од 26.000 евра.

• Во инвестициски мерки реализирани во 2021 спаѓаат:

■ Фотоволтаична електрана на покрив од производствен објект (Б – Автокоманда). Инвестицијата во проектот е околу 165.000 евра, а по започнувањето со работа е предвидено секоја година да се произведуваат, односно да се заштедуваат 408 MWh електрична енергија годишно, односно 31.416 евра (или двојно и повеќепати повеќе во зависност од растот на цената на овој енергенс). Заштедите во електрична енергија поради ситуацијата на нејзино производство во нашата земја во поголемиот дел од термоцентралите, односно ако се земе коефициент на 0,4 – 1 кг CO2/kWh гориво, би одговарале на заштеди од испуштање во атмосферата до 408 тона $CO_2$ годишно. Електраната е пуштена во Производство во април 2021 и има инсталиран капацитет од над 340 kWe.

■ Санација на водоводна мрежа, санитарни јазли и поставување уреди за заштеда на вода (аератори и регулатори) на локалитетите Автокоманда и Аеродром. Со инвестиции од 8.324 евра се остваруваат годишни заштеди од 36.143 $м^3$ вода за пиење и 47.260 евра.

■ Поставување бајпас на атсорберско тркало на клима-комора за сув воздух за Институтот за развој (лок. Автокоманда). Практично, без инвестиција, со вклучување на ова барање уште во концептната фаза – претпроектирањето – се остваруваат годишни заштеди на електрична енергија од 867 MWh, односно 26.000 евра (односно и повеќе во зависност од растот на цената на овој енергенс).

■ Инвестиција од 1.000 евра во поставување климатизери на лок. *Билка* за греење, наместо греење со пареа, со што се остваруваат годишни заштеди во потрошувачка на нафта од околу 26.000 евра.

■ Инвестиција од 76.000 евра за замена со нови отпрашувачи за таблетното одделение на лок. Автокоманда, со што се остваруваат годишни заштеди од 98 MWh електрична енергија, односно околу 8.000 евра.

■ Дополнителна инвестиција од 8.700 евра за чилер со зголемена енергетска ефикасност и со помали директни емисии на климатски гасови (GHG) од испуштање ладилни медиуми за Институтот за развој, *Хемија*, локалитет Ѓ. Петров, со што се прават годишни заштеди од 26 MWh електрична енергија, односно околу 1.000 евра и 6,4 тона емисии на $CO_2$ еквивалентни гасови (со потенцијална вредност од околу 1.000 евра).

■ Инвестиција во набавка на термоизолациски јакни за вентили во новоизградени потстаници, односно топлински потстаници на нови и реконструирани објекти, во износ од 2.000 евра, со кои годишно се заштедуваат 50 MWh пареа во вредност од 2.000 евра.

■ Инвестиција во систем за автоматизација и за дигитализација на ПП-резервар од 12.000 евра, кој овозможува годишни заштеди од 50.000 $м^3$ бунарска вода, со вредност од 25.000 евра и со еквивалентни заштеди на стаклenички гасови од 8.400 тона $CO_2$. Системот, покрај предвидените заштеди на вода, има и други придобивки (поголема сигурност за одржување на нивото на водата, како и одржување на потребната температура за процесите за ладење, т. е. нивно забрзување и поголемо производство).

## 2. Енергетски надзор

Иако енергетскиот надзор не претставува директна заштеда на енергија и на ресурси, претставува основа за определување на мерките за енергетска ефикасност и начин за надзор и за ревизија на нивниот ефект. Подобрувањето на енергетскиот надзор се врши со инвестициски и со оперативни мерки.

- Во оперативни мерки реализирани во 2021 г. спаѓаат:
  - ■ Надзор на кондензниот систем за враќање на вода во котларата во Ѓ. Петров, преку мануелно семплирање и анализа на повеќе места и параметри: кондуктивност, тврдина, киселост, температура.
- Во инвестициски мерки реализирани во 2021 г. спаѓаат:
  - ■ Инвестиција од 2.000 евра за мониторинг-сервер за надзор на работата на фотоволтаичната електрана на покривот на објектот Б, локалитет Автокоманда.
  - ■ Инвестиција од 8.000 евра за надзорен систем за бунарска вода во ПП-станица.
  - ■ Инвестиција од 20.000 евра во надзорен систем на водоводните системи, со вкупно 9 мерни места на трите производствени локалитети.

## 3. Енергетска поддршка

Енергетиката претставува важен дел од секој проект, инвестиција, операција, процес, измена и подобрување, без разлика дали се однесува или не на зголемување на енергетската ефикасност и на енергетската надгледност.

Енергетската и ресурсна поддршка вклучува енергетско и еесурсно: **обезбедување, согледување, конципирање, едуцирање, претставување и стандардизација и аудит, иновации и финансирање**.

3.1 Енергетско обезбедување

Безбедното, без прекини и квалитетното снабдување со енергија (поточно енергенсите и природните ресурси) е почетна основа за која било функција, процес, операција, проект и програма на компанијата. Меѓу овие мерки што се спроведуваа и во текот на 2021 г. спаѓаат:

• Континуирано оперативно следење на снабдувањето со енергенси и со ресурси преку системи за надзор во функција.

• Континуирано оперативно следење на регулативата и на стандардите за снабдување и за потрошувачка на енергија (енергенси и ресурси) на национално и на интернационално ниво.

• Оперативни анализи и предвидување на потребите од енергенси и од ресурси на минутно, часовно, дневно, на месечно, квартално, четиримесечно, годишно и на повеќегодишно ниво (5, 10, 20 и 50-годишни планови).

• Оперативни анализи и давање мислење за договорите за снабдувањето со енергенси и со ресурси.

• Оперативни анализи и дававање мислења за можностите за снабдување со енергенси и со ресурси: сопствени (погони, објекти, локалитети, меѓулокалитети);

■ локални (градска четврт, месна заедница, општина, град, држава);

■ меѓудржавни региони, интерконтинентални и светски рамки;

■на часовно, дневно, месечно, на квартално, четиримесечно, годишно и на повеќегодишно ниво (5, 10, 20 и 50-годишни планови).

3.2 Енергетско согледување – анализирање

За целосно да се разбере секој процес, операција, технологија, проект и инвестиција, потребно е согледување на неговиот енергетски аспект. Мерките за енергетско согледување што се спроведоа во текот на 2021 г. вклучуваа:

• Согледување на потребите за третман на отпадните води на локалитетот Ѓ. Петров, со цел усогласување на поврзаните проекти и програми од одделните служби за:

■ одвојување на отпадната и на хемиски неизменетата вода за ладење;

■ искористување на отпадните води за повторна употреба;

■ искористување за полевање и за решавање на проблемот на полевање на зеленилото;

■ употреба на процесно ладење во затворен, наместо во отворен круг;

■ третман на отпадните води;

■ спроведување на отпадните води.

• Согледување на потребите за процесно ладење за процесот на подготовка во *Козметика* на локалитетот Ѓ. Петров, со цел изведување процесно ладење во затворен, наместо во отворен круг. Анализирани се сите фази и алтернативни фази од процесот за различни производи, услови и ситуации, врз основа на што е направено барање за изработка на концепт, проект и на понуди.

• Согледување на потребите од проект за доискористување на соларните колектори на ППСЦ за греење на клима-комори, со поддршка на топлински пумпи, заради обезбедување континуитет на работењето при прекин на работата на котларата, заради задоволување на инспекциското барање и воедно заради намалување на ризиците за процесите, производите, за просториите, опремата и за персоналот, како и заради подобрување на енергетската ефикасност на процесот.

## Енергетско концепирање

За целосно да се дефинира секој нов процес, операција, технологија, проект, инвестиција, потребно е концепирање на неговиот енергетски аспект и на енергетската реализација, без разлика дали притоа се создаваат заштеди. Мерките за енергетско концепирање што се спроведоа во текот на 2021 г. се:

• изработка на концепт, проект и прибрани понуди за проект за доискористување на соларните колектори на ППСЦ за греење на клима-комори, со поддршка на топлински пумпи;

• изработка на концепт, проект и прибрани понуди за проект за филтер-станица за производство на санитарна вода од бунарска вода на локалитетот Ѓ. Петров.

## Енергетско едуцирање

Енергетиката, како една од најкомлексните и најважни дисциплини на една компанија, бара дури и прекузаконски и подзаконски одредби за континуирано следење и едуцирање во областа. Во текот на 2021 г. се извршија следниве мерки за континуирано едуцирање:

• Обука за напредна финансиска и банкарска обработка, анализа, на проекти за националните експерти во организација на Организацијата на обединетите нации за индустриски развој (највисоката организација од ОН за доменот на индустријата)

• Обуки (на основно, средно и на напредно ниво) за правата од интелектуална сопственост, за менаџмент на иновации, за финансиска поддршка од ЕУ-фондови, за циркуларна економија, и за интернационални мрежи на организации за бизнис-поддршка (BSOS-Bussiness Support OrganizationS) организирани од Здружението на европски енергетски менаџери на Македонија – ЕУРЕМ-МК, во соработка со (спонзорирани од) Германската организација за интернационална соработка – GIZ, а изведени од Центарот „Патлиб“ на Мултиуниверзитетската организација „Ареа научен парк“ од Трст, Италија, број 1 институција за бизнис-развој во ЕУ

• Обука за практични искуства со системи за климатизација со клима-комори за сув воздух со интегрирана топлинска пумпа и со системи за отпрашување со самочистење со плакнење во организација на производителите на клима-комори АЛ-КО и на системи за отпрашување ТРМ

• Презентација и обука за системи за производство на санитарна вода од бунарска вода, во организација на производителот „Кларвин“

• Презентација и обука за автоматизација на системот за бунарска вода во ПП-станица на локалитетот Ѓ. Петров (на корисничко и на напредно програмерско ниво) од производителот „Дарбо“

• Презентација и обука за енергетско-ефикасни фасадни системи, врз основа на внатрешна и на надворешна боја, во организација на ГИЗ и на производителот МИГ од СР Германија

• Презентација и обука за енергетско-ефикасни и за автоматски системи и материјали за подмачкување, во организација на производителот „Честертон“.

## Енергетско претставување

Енергетиката е една од најважните области во секоја компанија, но и организација, општествена заедница, држава и интернационална организација. Учествувањето преку претставување на компанијата во овие институции има свои придобивки, како на пример:

• Учество во донесувањето законски, подзаконски и други регулативи и застапување на интересите на компанијата и на пошироката општествена заедница

• Обезбедување на сигурноста во снабдувањето со енергијата и со ресурсите, преку внесување свои сознанија и предвидувања, како за компанијата така и за пошироката општествена заедница

• Обезбедување застапеност, препознатливост и придонесување за имиџот, брендот и за вредноста на компанијата на различни нивоа – од локално, до национално и интернационално

• Добивање информации од прва рака за новините и за тенденциите во областа, за што подобро приспособување кон нив.

Во текот на 2021 г. се оствариja следниве позначајни учества, претставувања и посети:

• Претставување во постапка за добивање лиценца за производство на електрична енергија од Регулаторната комисија за енергетика. Со оваа постапка се доби многу вредна лиценца за производство и за продажба на електрична енергија со пазарен потенцијал, кој се проценува на 500 милиони евра.

• Претставување во постапка за впишување во листата на производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија од Агенцијата за енергетика. Со оваа постапка се овозможи потенцијално тргување со намалувања на емисиите на $CO_2$ за регистрирани

• Учество во работната група за индустрија, енергија, енергетска ефикасност и за одржлив развој, која работи на изготвувањето нов интернационален стандард за одржлив развој, во организација на УНИДО и на ИСО.

• Учество на биеналаната генерална конференција на УНИДО со овогодишна главна тема „Одржлив развој“

• Учество на состаноците на работната група за изготвување подзаконски акти кон Законот за енергетска ефикасност при Министерството за економија, сектор *Енергетика*

• Учество како претседатели на комисија за оцена и за избор на проекти за енергетска ефикасност на Годишната конференција на Здружението на европски енергетски менаџери ЕУРЕМ-МК

• Учество на состаноците на Управниот одбор на Здружението на европски енергетски менаџери ЕУРЕМ-МК

• Учество на состаноците на Одделот за зелена економија и за одржлив развој на Комората SBCh

• Учество на јавна дебата за одржлив развој и за зелена економија во организација на Здружението на потрошувачи на СРМ и на Организацијата на европски енергетски менаџери ЕУРЕМ - МК

• Учество на подготвителните и на основачкото собрание на Здружението на национални УНИДО експерти за енергетска ефикасност, под покровителство на УНИДО

• Посета на проекти за енергетска ефикасност во „Пивара“ – Скопје, „Витаминка“ – Прилеп и во „Костал“ – Охрид.

3.3 Енергетска стандардизација и аудит

АЛКАЛОИД има солидна база на човечки ресурси во енергетиката, енергетската ефикасност и во енергетскиот менаџмент, како во ниедна друга област, до највисоко национално и интернационално експертско ниво, а би издвоиле:

• 10 обуки за водечки аудитори за ИСО 50001 и за 8 ИСО 50001 сертифицирани водечки аудитори

• 5 обуки за ЕУРЕМ – европски енергетски менаџери и

• 3 сертифицирани ЕУРЕМ енергетски менаџери

• 3 обуки за УНИДО национален експерт за оптимизација на системи за пареа и 1 сертифициран УНИДО национален експерт за оптимизација на системи за пареа

• 4 обуки за УНИДО национален експерт за енергетски менаџмент-систем и 3 сертифицирани национални експерти за енергетски менаџмент-системи

• 2 обуки за УНИДО национален експерт за системи за компримиран воздух и 1 сертифициран УНИДО национален експерт за системи за компримиран воздух

• 1 обука за УНИДО национален експерт за електромоторни системи и 1 сертифициран национален експерт за електромоторни системи

• 12 обуки за УНИДО оптимизација на ладилни системи и 12 сертификати од УНИДО за оптимизација на ладилни системи

• 2 обуки за енергетски контролори и 2 обуки за продолжување на овластувањето за енергетски контролори и 1 овластен енергетски контролор

• 1 овластен од Комората на инженери и на архитекти за енергетска ефикасност

• АЛКАЛОИД одржа презентација на обуката УНИДО MSO за колегите од ЕЛЕМ, а се работи за презентација за оптимизација за системите за омекнување и за прочистување вода, за кои имаме значајно искуство.

• АЛКАЛОИД е одреден за внатрешен консултант за воведување UNIDO EnMS во ЕЛЕМ-РЕК-Битола, најголемиот енергетски ресурс на РМ (посета, ИА и извештај).

• При полагањето на испитот за оптимизација на системите за пареа, постигнати се најголем број бодови за најкратко време во светска конкуренција од околу 200 земји.

Во текот на 2021 г. главно се работеше на анализа на новините во регулативата, стандардите и во практиките, со примена на соодветни мерки.

• Завршен е првиот аудит на водоводните ресурси – системи (Water Audit) на трите локалитети во Скопје во текот на 2020/2021 г., во соработка со компанијата „Аквасејв“, која е член на IWA – International Water Association, највисокиот светски авторитет за менаџмент на вода и за заштеди на вода, кој работи во соработка со Светската банка и со нејзината специјалистичка група за заштеда на води (Water Lost Specialist Group).

• По првиот енергетски аудит (2018 – 2019) и по првиот аудит на водоводните системи (2020 – 2021) е завршен предвидениот аудит на енергетските и на водните ресурси.

• Донесување цели за енергетска ефикасност на ниво на целата компанија и нивно спуштање, проследување по локалитети, објекти, по оддели, процеси, лица и по проекти.

• Дефинирање на различните подаспекти на енергетската ефикасност, како на пример: енергетски потенцијал (потенцијал за енергетска ефикасност – потенцијал за подобрување на енергетската ефикасност од примена на инвестициски и на оперативни мерки), енергетска оперативност итн.

Енергетски иновации

Енергетскиот аспект е фундаментален аспект во секој процес, проект, производ, капацитет, објект, локалитет и бизнис воопшто и од неговото целосно согледување и разбирање може да произлезат повеќе иновации, подобрувања, индустриска и интелектуална сопственост, производи итн.

Во текот на 2021 г. се воведени следните иновации:

• Употреба на технологијата LORA на безжична ИКТ-комуникација во приспособен, нестандарден формат LORAWAN, што овозможува нејзино класифицирање во напредни 5Г, па дури и 6Г технологии, при изведба на системот за надзор на водоводните системи на трите локалитети. На овој начин се доби апсолутниот можен врв во енергетска ефикасност на безжичните телекомуникации, со што се реши проблемот на комуникација меѓу многу оддалечените комуникациски јазли (до 30 км без пречки (line of site)), односно покривање на цели локалитети со какви било пречки, со помош на стандардни компоненти на производителот „Индустриал шилд“.

• Прецизна контрола со автоматизација на *on-off* вентили.

• Автоматско префрлање од летен во зимски режим на работата на снабдувањето со вода на топлинска пумпа вода-вода, во зависност од потребите и од можностите.

• Автоматско одржување систем преку повремено вклучување.

• Во рамките на обуката за оптимизација на системи за пареа, во соработка со експертите на USA-DOE, создадена е софтвер-алатка Steam Valuator (™) со 12 модули, делови за пресметка, процена на заштеди при оптимизацијата на системи за пареа, кој работи на секоја платформа *on* и *off-line*.

• АЛКАЛОИД е првата компанија во програмата УНИДО во РМ која енергетскиот менаџмент го базира на интегрална енергетска анализа (Integral Energy Analysis (TM)), што претставува комбинација на анализите на сите енергенси одделно, вклучувајќи ја и водата.

• Разработува единствена методологија за процена на енергетските заштеди при: голем број разнородни производи, зголемување на вредноста на производот при иста маса на производ, како и при намалување на ризиците спрема производите (заштита од замрзнување, подобрување на условите на чување на производите и сл.).

• Разработуваме единствена математичка методологија за нелинеарна анализа на податоците, за временски променлива основа (Continual Baseline (™) базирана на Data Science и на Artificial Intellegence) и за мултипараметарска специфична потрошувачка.

• АЛКАЛОИД прв разработува правна дата-база со закони и со прописи од областа на енергетиката и на сродните полиња, врз основа на нивно логичко поврзување и хиерархиско претставување.

3.5 Енергетско финансирање

Поради значењето на енергетиката, енергетската ефикасност и на енергетскиот аспект на бизнисот, постојат многу фондови и финансиски инструменти за поддршка на проектите за подобрување на енергетската ефикасност и на енергетскиот менаџмент.

Во текот на 2021 г. се разгледувани и анализирани повеќе вакви можности.

- Грантови, како на пример анализираниот со Зелениот развоен фонд, преку кој се поддржани грантови за проекти од 10, па и од повеќе милиони евра.
- Бескаматно кредитирање, на пример преку анализираната програма УНИДО, при што е можно до 10 години бескаматно кредитирање.
- Еквити модели – модели на заедничка инвестиција, при што финансиската институција, како во анализираниот пример Светска банка, вложува дел, па дури и целосно од финансиите за проектот за подобрување на енергетската ефикасност, а компанијата би учествувала со земјиште или со постоен објект, право на градба, проектирање и надзор, со know-how, изведба, менаџирање, операции, продажба и со маркетинг, со што би се добил и безинвестициски проект, погон, објект и сл., а поради бараното внесување мерки за подобрување на енергетската и на бизнис-ефикасноста во однос на стандардната изведба, би се добиле приходи еднакви како на сопствена инвестиција, а практично без финансиска инвестиција.
- ЕСКО-модели – анализиран е ЕСКО-моделот за алтернативно снабдување со санитарна вода (вода од водовод за пиење). Кај овој модел, за разлика од стандардната сопствена инвестиција, нема ниту инвестициски ниту оперативни трошоци, а се добива:
    - значително пониска цена на водата;
    - нема ризик за корисникот од нефункционалност на опремата или од скапи потрошни и резервни делови;
    - алтернативен, дополнителен извор на снабдување, со што се намалува ризикот од прекин на снабдување;
    - поголема надгледност и помал ризик во однос на квалитетот на испорачаната вода.

# Човечки ресурси

Соочувајќи се со уште една пандемиска година, Одделот за човечки ресурси успешно ги надминуваше предизвиците со кои се соочуваше, презентирајќи пример за тимски дух, посветеност и за пристап спрема континуираните предизвици и спрема големиот број предвидени амбициозни проекти, во насока на остварување на зацртаните компаниски цели.

Во насока на остварувањата и на успешноста, оваа година алкалоидовото семејство го збогативме со нови 214 вработувања на стручен кадар, кои ќе овозможат нови постигнувања и раст на целата компанија.

Останавме посакуван работодавец за кадарот што го привлековме, ориентирани спрема континуиран развој и напредок преку обуките за вработените, како и преку големиот број проекти, кои беа новина оваа година.

Меѓу проектите што се реализираа во 2021 година беше и парцијално дуалната паралелка на АЛКАЛОИД АД во СМУГС „д-р Панче Караѓозов“. По одобрената иницијатива на 3.2.2021 година од Центарот за средно стручно образование и од Министерство за образование и наука, се формира паралелка која ќе ја изучува новата наставна програма за фармацевтски техничар во фармацевтската индустрија, одобрена на 19.3.2021 година.

Поаѓајќи од потребите за реализација на тренинг-програмите за оваа намена, како и за реализација на ориентацијата и на обуката на кадар потребен за лабораториите на сите профитни центри на АЛКАЛОИД АД Скопје, дојдовме на идеја и ја реализиравме изградбата на нова тренинг-лабораторија, во улога на алкалоидов тренинг-центар, на нашиот локалитет „Лафома“.

Во однос на практикантството како проект кој континуирано го следиме, оваа година, покрај 41 практикант со ВСС, повторно (по една сезона помината во пандемиски услови) ги вклучивме и практикантите од средно училиште.

Системот за управување со таленти го проширивме во повеќе оддели, дисперзирајќи го како на ниво на цела компанија така и со заокружување на процесот на оценување, преку воведување на развојната алатка 180/360 повратна информација, преку која имавме оцени на над 2.000 прашалници за над 200 колеги/вработени.

Од проектите за employer branding оваа година, во соработка со Маркетинг-комуникации, воведовме содржини што се објавуваат преку социјалните медиуми, а кои се насловени „Еден работен ден во АЛКАЛОИД“.

Оваа година за првпат беше спроведено истражување за задоволството на вработените на ниво на АЛКАЛОИД АД Скопје, чии резултати беа обезбедени преку мислењето на сите вработени, како во електронска така и во хартиена форма.

Од активностите кои беа во насока на грижа за нашите вработени воведовме проект за бенефиции за децата на вработените, како и пакет за добредојде на новововработените.

Во насока на развој и на дигитализација на процесите, во тек сме со примена на ново софтверско решение за регрутација и за селекција, кое очекуваме да започне со своја употреба во втората половина на 2022 година.

# Обука и развој

Во 2021 година беа реализирани голем број интерни и екстерни обуки, во насока на надградувавање и на унапредување на знаењата, вештините и на компетенциите на вработените. Просечно, секој вработен поминал 145,07 часа обука, а просечниот износ на трошоците од вработен за обука изнесувал 6.398,10 денари.




За нововработените колеги продолживме да ги организираме обуките во согласност со менторските и со развојните програми, кои ги следевме и ги ажурираме во согласност со тековните потреби на бизнисот, иако се соочувавме со голем број предизвици поврзани со актуелната пандемиска ситуација.

Во 2021 година во АЛКАЛОИД АД беше отворена првата парцијално дуална паралелка со назив Фармацевтски техничар во фармацевтска индустија, која брои 23 ученици од Средното медицинско училиште „д-р Панче Караѓозов" – Скопје, а за потребите на оваа паралелка, како и за идни потреби за тренинг и за развој на нововработени, практиканти и на идни нови паралелки од ваков вид, беше отворена првата тренинг-лабораторија во склоп на тренинг-центарот „Лафома". Вкупната инвестиција на овој проект изнесува околу 1.000.000 евра.

# Систем за управување со таленти (СУТ)

Во текот на 2021 г., во рамките на системот за управување со цели, беше подготвен нов образец, кој се заснова на методологијата Balanced Scorecard и МВО. Беа спроведени обуки кои имаа цел да ја доближат методологијата до вработените и да ги подготват за процесот на подготовка на годишните цели.

**Повратна информација 180/360**

Во текот на 2021 година од Одделот за човечки ресурси беа подготвени прашалници за процена на компетенциите, во согласност со СУТ, приспособени на нивоата на вработените во организациската структура.

Во овој процес беа вклучени 230 вработени, кои поставија цели за 2021 г. Во оценувањето 180/360 беа вклучени 657 оценувачи, колеги од компанијата. Беа одговорени вкупно 2.578 прашалници, од кои 2.488 беа важечки и обработени.

**Оценување 180 / 360**

Број на оценувачи и број на оценувани




Број на одговорени и број на валидни прашалници



**Повратна информација за вработените кои не поставија годишни цели**

Во 2021 г. 154 вработени кои не поставија годишни цели беа вклучени во процесот на давање повратна информација. Тие, заедно со своите претпоставени, како резултат на процесот на повратна информација, подготвија кариерни развојни планови.

**Број на вработени по оддел кои немаат поставено годишни цели а добија повратна информација**




**Истражување за задоволството на вработените**

Истражувањето за задоволството на вработените се спроведе во периодот од 28.9.2021 до 15.10.2021. Од вкупно 2.036 вработени во АЛКАЛОИД АД Скопје во тој период, 1.717 вработени го одговорија прашалникот, од кои 1.515 прашалници беа важечки.



Прашалникот беше подготвен во електронска и во хартиена форма и дава информации за вкупниот индекс на задоволство на вработените, како и за задоволството на вработените во осум области.

Вкупниот индекс на задоволството на вработените изнесува 71,74 %, а област со највисок индекс на задоволство на ниво на целата компанија е задоволство од работата, кој изнесува 81,18 %

Сите анализи беа групирани во еден целосен извештај, а за одделните организациони единици беа подготвени посебни извештаи. Врз основа на резултатите од истражувањето беше подготвена листа на наоди, од кои дел беа селектирани како примарни за следниот период и врз основа на нив треба да се изработат акциски планови од соодветните организациони единици.

**Програма за млади таленти – практикантство 2021 година**

Програмата за млади таленти – практикантство во АЛКАЛОИД АД Скопје низ сите години

**Број на практиканти по година**




**Број на вработени практиканти по година**



Реализација за сите години (вкупно)




Стручна подготвеност на практикантите



Образовни институции на практикантите




Пол на практикантите



ПЦ/ОЕ на практикантите




Година на студирање на практикантите со ВСС



Година на учење на практикантите со ССС




Програмата за млади таленти – практикантство во АЛКАЛОИД АД Скопје за 2021 година

Најпрвин процесот на селекција се иницираше со спроведените индивудални интервјуа во Одделот за Човечки ресурси, а потоа дополнително се спроведоа и групни интервјуа, заедно со раководителите на одделите за кои се предвидени практикантите од ВСС.




Сите **41 (четириесет и еден) практикант** со ВСС за 2021 година беа распоредени во наведените оддели, кои се прикажани на графичкиот приказ

**Број на практиканти со ВСС според оддели**




Во Програмата за практикантство во АЛКАЛОИД АД Скопје за летото 2021 година беа вклучени пет високообразовни институции од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, и тоа: Фармацевтскиот факултет – Скопје, Институтот за хемија при ПМФ – Скопје, Технолошко-металуршкиот факултет – Скопје, Медицинскиот факултет – Скопје, како и Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Конечниот избор на студенти од образовните институции, во согласност со завршениот процес на селекција, е прикажан на графичкиот приказ

**Број на студенти од образовни институции**



Вкупниот број на добиени апликации од огласот е **132**. Во долниот графикон тие се поделени според образовни институции




Дополнително, во согласност со меморандумот за соработка со СУГС „Марија Кири-Склодовска“, како и со потребата за практиканти во Производство – Фармација, се одбраа 4 (четири) практиканти за пракса со времетраење од еден месец.

**Времетраење на пракса по практикант (ССС и ВСС)**



## Спорт, здравје и добросостојба

Традиционално, и во 2021 година алкалоидовци учествуваа на 17. по ред Скопски маратон „Wizz Air“. Многубројни во својот состав, со 133 вработени, тие се натпреваруваа во трката на 5 км со 114 тркачи и на полумаратонската трка со 19 тркачи. Вработените кои беа дел од Скопскиот маратон „Wizz Air“ ги потврдија заложбите за тимска игра и покажаа дека тимскиот дух е подеднакво важна движечка сила како на работното место така и во другите животни сфери.

На почетокот на трката, која оваа година беше пред А1 арената „Борис Трајковски“, беше поставено промотивно катче на АЛКАЛОИД, каде што се делеа примероци и/или информативни флаери од брендовите Multi Essence магнезиум 400 + Бе-комплекс и Good Nature.

И покрај силната конкуренција, женскиот тим на АЛКАЛОИД на трката од 5 км успеа да се пласира на петтото место од вкупно 68 екипи, додека, пак, машкиот тим се пласираше на дваесет и четвртото место од вкупно 70 екипи. Во полумаратонската трка женскиот тим на АЛКАЛОИД се пласираше на високото осмо место, додека, пак, машкиот тим се пласираше на тринаесеттото место.

## Грижа за вработените

Како општествено одговорна компанија која се стреми кон воведување новитети во работењето, во делот за грижа за вработените оваа година Проектот за добредојде на нововработените, кој како пакет вклучува Прирачник за нововработени и Код за етичко и деловно однесување, го дополнивме со брендирани производи, како на пример мини бележник, пенкало, УСБ, врвка за легитимација, приврзок за клучеви и чаша за кафе/чај, кои се во духот на заживување на нашите клучни компаниски вредности.

Исто така, започнувајќи од учебната 2021/2022 г., воведовме проект насловен „Бенефиции за децата на вработените", со кој, преку финансиска партиципација во износ од 1.000 денари од дете на вработен на месечно ниво, се помогна за доедукација од областите на странските јазици, курсевите за компјутери, спортските и рекреативните активности, како и на активностите од областа на науката и на културата во текот на целата учебна година.

АЛКАЛОИД го прослави својот 85-годишен јубилеј во година полна со неизвесност и со предизвици, но човечките ресурси отсекогаш биле во преден план, во духот во компаниското начело „Луѓето пред сè". Во време на соочување со новата реалност и на редефинирање на работните процеси и на секојдневниот живот, предизвикани од светската здравствена криза, АЛКАЛОИД одлучи да исплати јубилејна награда за вработените во нето-износ од 28.000 денари. Исто така, во првиот квартал од 2021 година, во март, компанијата на своите вработени им исплати регрес за годишен одмор во нето-износ од 28.050 денари и го продолжи доброволното приватно здравствено осигурување.

Позитивниот повратен ефект од вработените, вклучувајќи го и бројот на реализирани пријави, е доказ за успешното воведување на Проектот, преку кој уште еднаш ја презентираме грижата за вработените и за идните генерации, за чиј развој и едукација се залагаме.

### Статус по категорија




### Статус по степен на образование



## Регрутација и селекција

Процесите на регрутација и на селекција беа посочени како еден од поголемите предизвици, пред сè, за безбедно, а сепак квалитетно реализирање на обемните годишни планови за вработување во периодот на пандемијата со КОВИД 19.

Виртуелните интервјуа, кои ги задржавме во текот на целата 2021 г., се покажаа како безбеден и ефикасен начин за пополнување на работните места, притоа не правејќи компромис со одржувањето на квалитетот во селекцијата.

Стратегијата за регрутација беше сочинета од голем број јавни и интерни огласи, проактивно привлекување таленти, програми за практикантство и од новата програма за дуално средно образование.

Значајно е што оваа година започнавме и со проект за подобрување на софтверското решение за регрутација и за селекција, што е предвидено да се заврши во тековната 2022 година.

Во 2021 година ја исполнивме и уште повеќе ја унапредувавме нашата мисија и стратешка определба да бидеме атрактивна компанија, која нуди современи услови за вработување и можности за учење и за континуиран развој за своите вработени.

Одделот за човечки ресурси и натаму ќе остане посветен на заложбата за посветено, квалитетно и за темелно извршување на процесот на селекција на кандидати, обезбедувајќи, пред сè, сигурност и безбедност во работните процеси, следејќи ги законските мерки и препораки сè додека трае пандемијата.

Изминатата 2021 година ја завршивме со следнава состојба за бројот на вработени:

**Состојба на вработени 31.12.2021 година**

| ПЦ/ОЕ | Број на вработени |
|---|---|
| Фармација | 1.024 |
| Хемија | 85 |
| Козметика | 112 |
| Билка | 47 |
| Корпоративни служби | 630 |
| **ВКУПНО АЛКАЛОИД АД Скопје** | **1.898** |

АЛКАЛОИД АД Скопје е компанија која континуирано вложува во унапредување на квалификациската структура на вработените. Убедени сме дека само образован и обучен кадар може да одговори на реализацијата на стратешките цели и определби на компанијата.

Од вкупниот број вработени во АЛКАЛОИД АД Скопје, 848 вработени поседуваат квалификации на универзитетско ниво на образование.

Во прилог проследуваме детална квалификациска структура на вработените.

**Квалификациската структура на вработените**




Во однос на половата структура во АЛКАЛОИД АД Скопје, состојбата е следна:

**Полова структура во Алкалоид АД**




**Полова структура на раководни позиции во Алкалоид АД**



Во продолжение ја проследуваме и просечната возраст на нашите вработени.

| | |
|---|---|
| **Просечна возраст во АЛКАЛОИД АД** | **38 години** |

Бројот на вработени во изминатите години бележи постојан раст.

**Број на вработени Алкалоид АД Скопје по години**




Изминатата 2021 година ја завршуваме со 214 нови вработувања.

| Нововработени во АЛКАЛОИД АД по ПЦ/ОЕ | Број |
|---|---|
| Фармација | 105 |
| Хемија | 20 |
| Козметика | 26 |
| Билка | 4 |
| Корпоративни служби | 57 |
| **Вкупно АЛКАЛОИД АД Скопје** | **212** |
| АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ Скопје | 1 |
| АЛКАЛОИД ДООЕЛ Билна аптека Скопје | 1 |
| **Вкупно** | **214** |

Програмата за практикантство, како и изминатите години така и оваа, се покажа како ефикасен модул за привлекување таленти.

Од вкупниот број вработени 11 % се вработени преку оваа програма.

| | Вработени практиканти ВСС | Вработени практиканти ССС | Вкупно | Процент на покриеност со практиканти ВСС | Процент на покриеност со практиканти ССС | Вкупен процент на покриеност со практиканти |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ПЦ Фармација | 18 | 2 | 20 | 51 % | 3 % | 20 % |
| ПЦ ХКБ | / | / | / | / | / | / |
| ОЕ Корпоративни Служби | 2 | / | 2 | 4 % | / | 4 % |
| **Вкупно** | **20** | **2** | **22** | | | **11 %** |

**Вработување преку практиканство**




Споредено со изминатата година, бројот на вработувања преку практикантство бележи пораст.

**Споредба на вработување преку практиканство**




Вкупно 45 вработени заминале од компанијата на свое барање, а процентот на одливот е даден подолу.

| | |
|---|---|
| **Одлив на вработени (%)** | **2,44 %** |

# Корпоративна општествена одговорност

## Со отворањето ретроспективна изложба и со предавањето донација од над 4 милиони денари на Клиниката за детски болести, одбележан е 85-годишниот јубилеј на АЛКАЛОИД

Првиот филм за АЛКАЛОИД од 1950 година, најстарото кутиче и оригиналното одобрение за производство на лекот „Кафетин“; првите пакувања „Бекутан“, најстарите индустриски машини и голем број други компаниски експонати беа поставени во изложбената поставка во Музејот на Град Скопје по повод 85-годишниот јубилеј на АЛКАЛОИД.

„Јубилеите, вообичаено, ги одбележувавме во поширок состав, бидејќи АЛКАЛОИД е компанија за сите! Приликите за овој јубилеј ни наложија друг формат, па се одлучивме нашето минато и нашата сегашност да ги отвориме за сите! Цела година собиравме драги спомени и на простор од околу 300 м2 ги спакувавме најзначајните моменти од нашата и ваша историја“, истакна во своето обраќање генералниот директор на компанијата, Живко Мукаетов.

АЛКАЛОИД  го започна јубилејот со промовирање на хуманитарниот видеоспот од антологиската „Чукни во дрво“ на гитарскиот виртуоз Влатко Стефановски, во изведба на дечињата од Проектот „Дајте музика“, при што за секој преглед на дигиталните канали, од 10 јуни до 20 септември 2021 година, компанијата назначи дека ќе ѝ донира по еден денар на Универзитетската клиника за детски болести.

„Со овој видеоспот дечињата пренесоа пораки на благодарност, оптимизам и на емпатија до најзасегнатите општествени категории на граѓани со пандемијата. За сета позитивна енергија и добри мисли споделени со прегледите на ова видео одлучивме да ѝ донираме наместо еден, по два денари од преглед, односно износ од 4.099.448 денари, на Клиниката за детски болести во Скопје“, рече Мукаетов.

Симболичниот чек децата актери од Проектот „Дајте музика“ ѝ го врачија на проф. д-р Аспазија Софијанова, која во таа прилика истакна:

„Чувствителноста во лекувањето на децата претставува еден голем чекор напред во однос на ова што го правите денеска. Сакам искрено да ви се заблагодарам затоа што во овој тежок период она што го покажавте е здравјето пред сè. Здравјето на оние кои се најранливи, најчувствителни и кои значат вистинска иднина“.

АЛКАЛОИД промотивно прикажа уште едно свое јубилејно видео, за кое се користени стари, автентични филмски кадри за фабриката од 1950 и од 1962 година, споени со модерни процеси, кои денес се изведуваат во производствените погони на компанијата. Паралелата меѓу минатото и сегашноста е заокружена со маестралната графика специјално изготвена за алкалоидовиот јубилеј, чиј автор е познатиот македонски уметник Михаил Корубин. Во потрага по безвременски мотив, перцепцијата на овој наш голем уметник се заштитата и моќта, кои се претставени преку човечките раце, и сонцето, кое ја симболизира животната сила, каде што е сместено логото на АЛКАЛОИД.

# АЛКАЛОИД иницираше отворање дуална паралелка во Средното медицинско училиште „д-р Панче Караѓозов“

Училишната година во Средното медицинско училиште „д-р Панче Караѓозов“ започна со нова парцијално дуална паралелка Фармацевтски техничар во фармацевтската индустрија, која за првпат се имплементира во ова училиште. Отворањето на паралелката е на иницијатива на АЛКАЛОИД во рамките на кампањата за промоција на средното стручно образование, „Учи паметно, работи стручно“, која се спроведува преку Министерството за образование и наука, а со поддршка на швајцарската Амбасада во Скопје. Целта за отворање ваков вид паралелка се јавува од потребата учениците да се здобијат со практични знаења и вештини, но и за да се создаде стручен и квалитетен образовен кадар кој ќе може да одговори на потребите на компанијата. Ваквата иницијатива разбуди голем интерес кај средношколците, кои ја препознаа важноста од овој тип стручно образование. Поради големиот интерес на пријавени кандидати, беа избрани најдобрите 23 ученици, кои имаат можност да учат во оваа паралелка и преку која имаат привилегија да видат како, со многу труд, може да се стекне работно искуство во една од најдобрите компании во земјава.

Наставната програма што се изучува е внимателно и наменски изработена, во согласност со потребите на фармацевтската индустрија, од професорите од Средното медицинско училиште, како и од менторите во АЛКАЛОИД, а се применува за учениците од трета и од четврта година.

АЛКАЛОИД, како општествено одговорна компанија која континуирано вложува во заедницата и која го поддржува образованието, повторно ги потврди своите заложби за здраво и за квалитетно образование, со постојано вложување во едукацијата на младите, во науката и во образованието, инвестирајќи во иднината на целата заедница.

Компанијата на учениците од оваа паралелка им обезбедува месечна стипендија во износ од 3.000 денари, заштитна опрема, систематски преглед, како и топол оброк за секој ученик.

Давајќи ги својата поддршка и вложените напори во оваа кампања, веруваме дека ќе придонесеме за поквалитетно стручно образование и се надеваме дека ќе бидеме пример и другите компании да ја следат нашата порака и да ја дадат својата поддршка во градењето квалитетни, образовани и млади професионалци.

## АЛКАЛОИД формираше сопствен центар за едукација и за обуки

Човечкиот потенцијал има огромно значење за растот и за развојот на АЛКАЛОИД АД Скопје, а професионалниот пристап во работењето, просперитетот на компанијата и нејзиниот кредибилитет се должат на деценискиото инвестирање во компаниското начело „Луѓето пред сè“.

Во изминативе 15 години бројот на вработени во Групацијата АЛКАЛОИД порасна од 1.200 на 2.500. Деценискиите инвестиции во едукација на македонските лекари и фармацевти, неодамнешните програми за практикантство, најновиот потфат за парцијално дуално образование и слични проекти наметнаа потреба од формирање сопствен центар за едукација и за обуки во рамките на компанијата, кој ќе служи за изведување вежби, проби и за обучувања на компанискиот кадар, на практикантите и на учениците.

„На простор од околу 1.000 квадратни метри, кој за неполни 8 месеци го приспособивме, осовременивме и го опремивме во согласност со најновите барања за добра лабораториска пракса, вработените во компанијата, практикантите и учениците ќе имаат можност во современи простории да ги надградуваат своите знаења и да ги усовршуваат своите вештини. За оваа инвестиција АЛКАЛОИД досега вложи над 1 милион евра, а во иднина овој објект ќе се проширува и ќе се надградува за да прерасне во современ центар за едукација, кој целосно ќе ги опслужува барањата на динамичните научни дисциплини со кои работиме“, рече Живко Мукаетов, генерален директор и претседател на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Центарот за едукација и за обуки е изведен со целосна енергетска ефикасност, а инсталираните системи се со напој од обновливи извори на енергија, односно имаат ниско влијание врз животната околина. Во рамките на едукативниот центар се наоѓа тренинг-лабораторија, која опфаќа централна лабораторија, просторија за обработка на податоци, посебни простории за прецизни ваги и за ултразвучни бањи, две предавални и други помошни простории, со кои се обезбедува технолошка целина за нормално работење на околу 50 лица.

# Фондацијата „Трајче Мукаетов“ додели 40 нови стипендии за учебната 2021/2022

Фондацијата „Трајче Мукаетов“ четиринаесетта година по ред доделува стипендии за студенти на Фармацевтскиот и на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје. Во согласност со објавениот јавен конкурс, изборот на стипендистите за учебната 2021/2022 година е усвоен од Управниот одбор на Фондацијата, по предложената прелиминарна листа од комисиите за распределба на стипендии, во чиј состав членуваат претставници од Фондацијата, од двата факултети, како и претставници од редовите на студентите.

Во 2021 година се доделени 40 нови стипендии, од кои 20 за студенти на Фармацевтскиот и 20 за студенти на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје. Еднократната парична награда во висина од 1.200 евра во денарска противвредност, која ја доделува Фондацијата дванаесетта години по ред за првенците на генерација на двата факултета, во 2021 година им припадна на Зоран Гаврилов од Фармацевтскиот факултет (со просек 9,49) и на Милена Гривчевска од Медицинскиот факултет (со просек 9,94), двајцата стипендисти на Фондацијата „Трајче Мукаетов“.

„Особено ми е драго што компанијата АЛКАЛОИД и Фондацијата ‘Трајче Мукаетов’ биле и се дел од успешната приказна на 579 студенти по фармација и по медицина на државните универзитети во изминативе 14 години. Едукацијата во овие две професии е од исклучителна важност, а задоволството е уште поголемо што ние како компанија ги стимулираме студентите во текот на образовниот процес и ги мотивираме кон нови, повисоки достигнувања во матичните струки. Од вкупниот број стипендирани студенти досега, 92 веќе ја започнаа својата кариера во нашата компанија. Иако приликите на новото време налагаат специфично функционирање на процесите во сите сфери, нашите заложби за инвестирање во образовниот процес, во знаењето и во луѓето, пред сè, ќе останат на врвот на листата на приоритети на компанијата“, изјави г. Живко Мукаетов, претседател на Фондацијата „Трајче Мукаетов“ и генерален директор на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Почнувајќи од учебната 2007/2008 година, Фондацијата стипендира/ше вкупно 579 студенти по фармација и по медицина, вклучувајќи ги и новите 40 во учебната 2021/2022. Од нив 218 студенти по фармација и 211 по медицина се веќе дипломирани. Од 2009 година до денес својата кариера во АЛКАЛОИД, во одделите на сегментот фармација, ја започнале 92 од стипендираните студенти на Фондацијата, и тоа 85 студенти од Фармацевтскиот факултет и 7 студенти од Медицинскиот факултет.

Стипендијата изнесува 6.500 денари во текот на 12 месеци, а заклучно со 31.12.2021 г. преку Фондацијата „Трајче Мукаетов“ е исплатен износ од 111.843.088,00 денари на основа на стипендии и на еднократни парични награди за првенците на генерација.

# Проект „БЕНЕФИЦИИ ЗА ДЕЦА НА ВРАБОТЕНИ“ во АЛКАЛОИД АД Скопје

Човечките ресурси се еден од најцврстите столбови на 85-годишниот раст и развој на алкалоидовата успешна приказна, а грижата за вработените е еден од врвните приоритети на компанијата. Во базата на АЛКАЛОИД во Скопје има над 2.000 вработени, па посебен предизвик, како и во секоја успешна и амбициозна компанија, е да се одржи високото ниво на организациска култура, фокусот на резултати и високото ниво на етички вредности, особено во услови на функционирање исполнети со голем број непредвидливи економски, политички и пандемиски аспекти.

АЛКАЛОИД АД Скопје на годишно ниво алоцира значителни ресурси за разни бенефиции наменети за вработените, во форма на финансиски надоместоци, интерни и екстерни обуки, доедукација, дополнително здравствено осигурување и слично.

Најновиот проект на АЛКАЛОИД АД Скопје вклучува бенефиции за децата на вработените, преку финансиска партиципација на компанијата во износ од 1.000 денари од дете на вработен на месечно ниво, наменети за доедукација од областа на странските јазици, курсевите за компјутери, спортските и рекреативните активности, како и на активностите од областа на науката и на културата, во текот на целата учебна година. Во проектот се опфатени деца од сите категории – деца од предучилишна возраст и оние кои се редовно запишани во основно и во средно училиште.

„Во процесот на иницирање на овој нов проект бевме фокусирани на повисока цел – нашите деца, кои се нашата иднина. Сакавме да поттикнеме практикување воншколски активности и ангажмани, кои, како дополнителни вредности и знаења, активно ќе придонесат за нивно формирање во комплетни личности, кои во иднина ќе дадат свој личен придонес за унапредување на средината во која живеат и дејствуваат. Преку грижата за нашите вработени и преку иницијативите за овозможување придобивки за членовите на нивните семејства ги манифестираме клучните вредности на големото алкалоидово семејство – ‘Луѓето пред сѐ’ – максима која особено ги засега најмладите“, изјави Живко Мукаетов, генерален директор и претседател на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје.

Во 2021 г. компанијата имаше 499 администрирани пријави за бенефиции за децата на вработените, од кои 56 пријави за деца од предучилишна возраст, 389 пријави за деца од основно училиште и 54 пријави за деца на вработени запишани во средно училиште. Гледано според категории, 6 се пријави за компјутерски вештини, 11 се пријави за активности од областа на науката, 162 се пријави од областа на спортот и на рекреативните активности, 276 се пријави за курсеви за странски јазици, 40 се пријави за танцови школи, а по 2 се пријави за активности од областа на културата и на музиката, со очекување и овие бројки да се менуваат и да растат во претстојниот период.

# Формиран РК Алкалоид
# – за доброто на македонскиот ракомет!

Како континуитет на безрезервната поддршка што ја вложуваше во македонскиот спорт и на високите спортски вредности, компанијата АЛКАЛОИД АД Скопје дел од истата насочи и кон целосна поддршка на новооснованиот ракометен клуб РК АЛКАЛОИД. Во време кога младинската проактивност и правилното физичко воспитување станаа нераскинлив дел од колективното здравје, тим составен од професионалци и од спортски ентузијасти се одважи да инјектира нова енергија во македонското спортско ткиво.

Овој значаен спортски проект, чиј главен поддржувач во моментов е АЛКАЛОИД АД Скопје, за свој партнер од доверба го има ракометниот бренд од светски размери – Кирил Лазаров и неговиот етаблиран печат „КЛ7“. Оваа екипа ќе се потпира на млади играчи, кои ќе имаат шанса да се докажуваат и да се афирмираат во врвни ракометни имиња.

„Нашата цел е младите таленти кои ќе покажат желба и потенцијал да ги насочиме и да ги моделираме според дефиниран систем, правилна работа и според вистински спортски и животни вредности. Тоа е нашата главна цел како компанија покровител на проектот: градење и насочување на младите македонски ракометни таленти. Основните начела на АЛКАЛОИД ќе бидат пренесени во овој клуб. Ќе бидам најсреќен ако од овој клуб еден ден Македонија добие медал на Европско или на Светско првенство, што ќе биде и приоритет при работењето на овој спортски и менаџерски колектив“, истакна Мукаетов за време на промоцијата на клубот.

Македонската ракометна легенда со светска слава, Кирил Лазаров, истакна дека овој чекор е неопходен дел од напорите за подобра иднина на македонскиот спорт.

„Овој проект е за доброто на Македонија. Чест и задоволство ми е да бидам дел од овој проект, каде што главната улога ќе ја носи една реномирана компанија, светски позната и призната – АЛКАЛОИД. Ќе работиме заедно. Ќе мора да оформиме добра, квалитетна база затоа што е многу важно да се работи со младите. Многу заостануваме со тоа. Ќе се обидеме да изградиме нови македонски спортисти, кои заслужено ќе го носат македонскиот национален дрес. Ќе се обидеме да го пресликаме моделот на Франција и на Германија кога станува збор за младите ракометари, иако нашата држава е многу помала од нив. Сепак, ќе се обидеме да работиме за да можеме мирно да спиеме и да кажеме дека сме направиле нешто“, рече Лазаров во своето обраќање.

Претседателот на РК Алкалоид, Горан Минов, пак, истакна дека овој колектив ќе има задача да го подигне нивото на игра и да го подобри квалитетот. „Нашата цел со овој проект РК Алкалоид ќе биде модерен ракомет и издигнување на ракометната игра на највисоко ниво.“

„Факт е дека во земјава има многу деца кои сакаат ракомет и дека има многу таленти, но наша примарна цел ќе биде квалитетна и систематска работа, преку системи, тренинзи и преку техники да го подобриме квалитетот. Со децата ќе работиме за да станат конкуретни ракометни играчи и за да се афирмираат како спортисти“, истакна Минов.

Ракометниот клуб АЛКАЛОИД својата прва сезона ја започна со учество во машката сениорска Прва лига, преку која ќе се трасира патот за влез во Суперлигата. Освен сениорската екипа, формирани се и екипи во сите младински категории, кои се натпреваруваат во соодветните државни првенства: пионери, кадети и младинци.

Покрај централниот ракометен клуб, се основаат и детски ракометни школи низ Македонија, кои функционираат со истите начела и вредности. Ракометните школи имаат цел уште од најрана возраст да ги насочат најмладите таленти спрема правилен начин на развој, со квалитетна основа за градење врвни ракометари. До крајот на 2021 година се формирани дванаесет ракометни школи во повеќе градови во Македонија, во кои членуваат повеќе од 450 деца. Тенденцијата е овие бројки значително да се зголемуваат со развојот на клубот и на ракометните школи.Натпреварите и тренинзите на РК АЛКАЛОИД се одвиваат во СЦ „Борис Трајковски“.

## АЛКАЛОИД АД Скопје добитник на наградите за најтранспарентно котирано акционерско друштво и за акција на годината за 2021 година

Традиционално, на крајот на календарската година, од „Македонска берза“ АД Скопје се доделуваат награди за најпрепознатливите и за најактивните издавачи на хартии од вредност. АЛКАЛОИД АД Скопје е добитник на престижната награда за најтранспарентно котирано акционерско друштво за 2021 година и тоа во две категории - по избор на пазарни учесници и по избор на новинари.

Наградата освоена по деветти пат ги потврдува високото ниво на корпоративно управување во компанијата, како и на транспарентност во работењето и квалитетот на комуникацијата со инвеститорите, институциите, медиумите и со јавноста воопшто.

АЛКАЛОИД АД Скопје во своето портфолио оваа година вклучува уште една награда и тоа за акција на годината за 2021 година, во согласност со гласовите на пошироката инвестициска јавност, врз основа на заедничка анкета на Берзата и на порталот „Фактор“.

АЛКАЛОИД АД Скопје континуирано остварува позитивни резултати во работењето и се стреми кон градење одржлив модел на раст и развој на друштвото, нудејќи, притоа, јасна предвидливост на очекувањата спрема пошироката заедница и спрема сите заинтересирани страни. Ќе продолжиме со јакнење на овие сегменти од нашето работење и во годините што доаѓаат.

## Генералниот директор/Претседателот на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, г. Живко Мукаетов, одликуван со Орден за заслуги од претседателот на РСМ, Стево Пендаровски

На свечена церемонија одржана во Вилата „Водно“, претседателот Стево Пендаровски ги одликуваше Горан Стефановски, Зафир Хаџиманов, Ремзи Несими (сите постхумно) и Живко Мукаетов со Орден за заслуги за Република Северна Македонија. Орденот за заслуги е одличје што им се доделува на лицата кои со својот ангажман придонеле и направиле врвни остварувања во разни сфери од општествениот живот во земјава.

Во Указот од претседателот Пендаровски се наведува дека Орденот на г. Мукаетов му е доделен за континуитетот, иновативноста, визијата и за беспрекорните професионални стандарди во современото корпоративно управување во фармацевтската индустрија; за докажаниот квалитет во производството на брендовите, кои се градени, одржувани и осовременувани со генерации наназад; за инвестицијата во нови технологии, во едукација и во експертиза на кадарот што ги создава брендовите, како и за неговата филантропска култура и широка општествена одговорност.



На свечената церемонија на примопредавањето, г. Мукаетов се заблагодари за високата чест што му е укажана со престижното државно одличје и изјави:

